

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

## ЗА АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ЗА 2024 ГОДИНА

#ШансаЗаСите

#ШансаЗаСите



# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 6

ВОВЕД 8

I ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 11

1. ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (ПРЕТПРИЕМНИШТВО) 12

- 1. Поддршка за самовработување (претприемништво) 12
- 1 (а) Поддршка за самовработување (претприемништво) - здружување на корисници во ДОО 15

2. ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА 18

- 2.1 Субвенционирање на вработување 18
- 2.2 Вработување и раст на правни субјекти 20
- 2.3 Поддршка за вработување на лица со попреченост 22

3. ОБУКИ 24

- 3.1 Обука на работно место кај конкретен работодавач 24
- 3.2 Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите 26
- 3.3 Обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот 29
- 3.4 Обуки за возачи за Ц, ЦЕ и Д - категорија 30
- 3.5 Обука од областа на приватно обезбедување 32
- 3.6 Обука за Специјалист за човечки ресурси (Регрутер) 34

4. ОБУКИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ 37

- 4.1 Обуки за напредни ИТ вештини 37

5. ПРАКТИКАНТСТВО 45

- 5.1 Практикантство 45

6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ 47

- 6.1 Јавни работи 47

7. ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА 49

- 7.1 Општинско-корисна работа 49
- 7.2 Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа до домот и во заедницата во зедницата 51

8. ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ПРЕКУ ЗЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ 55

9. ИСПЛАТА НА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК 59

II УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 62

ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ 66

АКТИВАЦИЈА НА КОРИСНИЦИ НА ГМП 68

ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПАЗАР НА ТРУД НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 70

III ПРОМОЦИЈА 72

IV ФИНАНСИСКА РАМКА 75

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на трудот |
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ИПВ | Индивидуален план за вработување |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЕ | Министерство за економија |
| ОП | Оперативен план |
| ОУ | Оперативни упатства |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЦВ | Центар за вработување |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локална самоуправа |





# ВОВЕД

Рамката на политиките за вработување во Република Северна Македонија е дефинирана со Програмата на Владата на Република Северна Македонија, Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2023, и е во согласност со обврските што произлегуваат од Глобалниот пакт за работни места на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година, Програмата за буџетско финансирање ИПА и Законот на социјална заштита (активација на корисници на Гарантирана минимална помош).

Со Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на гарантирана минимална помош.

При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, ќе се почитуваат следните основни принципи:

- Принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или било која друга ранлива категорија на граѓани,во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот;
- Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија, притоа земајќи ги во предвид и бројот на евидентирани невработени лица во центри за вработување кои припаѓаат во регионот.

Сите евидентирани невработени лица и работодавачи имаат пристап до програмите, односно мерките и услугите за вработување[1]. Правото за учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја поодделна програма односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и учество на младите лица до 29 години од најмалку 40% секоја од програмите и мерките и услугите за вработување. Работодавачите кои не ги почитувале обврските од договорите потпишани во претходните години немаат право на учество во активните програми и мерки од ОП 2024 година. Како дополнителен критериум при селекција во активните програми и мерки за вработување може да се примени и принципот “прв дојден прв услужен” Согласно Програмата на Влада на Република Северна Македонија 2022-2024 година ќе се настојува да се постигне зголемување на опфатот на Роми во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5% за опфатеност на Роми.

Постапките на имплементација на програмите, мерките и услугите за вработување се дефинираат со Оперативни упатства, донесени од страна на АВРСМ, во соработка со другите партнери во имплементацијата.

Со Одлука на АВРСМ се формира Комисија за селекција на учесници во активните програми и мерки за вработување и Комисија за разгледување на приговори на учесници во активни програми и мерки за вработување ,каде членуваат номинирани лица од надлежните институции.

Вклучувањето на невработените лица во програмите, односно мерките за вработување се врши врз основа на транспарентни процеси за аплицирање, сѐ до исполнување на планираниот опфат, односно до крајот на ноември 2024 година. Вклучувањето во активните ппрограми и мерки за вработување може да се врши со посредување или директно упатување во активните програми и мерки за вработување. Услугите кои ги обезбедува АВРСМ, ќе се спроведуваат во текот на целата година.

Невработените лица и работодавачите за можноста за учество во програмите, мерките и услугите за вработување се информираат на повеќе начини (телефон, СМС, е-пошта, јавни повици и преку други електронски и печатени медиуми). Со учесниците се склучува соодветен договор, со кој подетално се уредуваат нивните права и обврски.

Со Оперативниот план за 2024 година посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години, долгорочно невработените како и на корисниците на гарантирана минимална помош.

1 За време на учество на невработените лица во програмите и мерките за подготовка за вработување и работно ангажирање (програми: 3, 4, 5, 6 и за време на обука за мерките 7.1 и 7.2 ), истите го користат и стекнатото право за парична помош согласно Законот за социјална заштита и правата по основ на невработеност.

Во текот на имплементацијата на Оперативниот план, опфатот на лицата од програмите/мерките за вработување може да се приспособува како и средствата да се пренаменуваат во рамките на обезбедените, врз основа на согледувања и анализи на АВРСМ и останати надлежни институции и органи, по предлог на АВРСМ, МТСП за што Министерот за труд и социјална политика дава согласност, а Владата на Република Северна Македонија ги усвојува.

Носител на Оперативниот план е Министерството за труд и социјална политика, а неговата имплементација е во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во партнерство со други одговорни институциии и организации . Во текот на имплементација на Оперативниот план, секоја надлежна институција и организација ќе обезбедува податоци за степенот на реализација. Надзорот на текот на имплементација на мерките за вработување ќе го врши Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд.

Во делот на промоцијата покрај надлежните институции ќе може да се вклучат и: ЕЛС-кординатори за еднакви можности на жените и мажите, младинските совети, ЕЛС- совети за социјална заштита, ЛЕР,ЛЕСС и други соодветни организации.





#ШансаЗаСите



# I ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

# 1. ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ Е ПОДДРШКА НАМЕНЕТА ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ДА ЗАПОЧНАТ ИЛИ ДА ФОРМАЛИЗИРААТ СОПСТВЕН БИЗНИС.

## 1. ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (ПРЕТПРИЕМНИШТВО)

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Поддршка за невработените да започнат или да формализираат сопствен бизнис

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица евидентирани во АВРСМ

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**1475** лица вработени во ново-основани правни субјекти[1]

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, МЕ-АППРСМ, ЦРРСМ, УНДП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

До **369.000** денари **(неповратни средства за основање на бизнис)**

- 3.000 денари за финансирање на дел од трошокот за регистрација на правен субјект
- 92.000 денари поддршка за дополнително вработување на невработени лица во правни субјекти основани од лица со попреченост, односно
- 153.750 денари поддршка за дополнително вработување на невработени млади лица до 29 години во правни субјекти основани од лица со попреченост.

### КОРИСНИЦИ

- Невработени млади лица до 29 години
- Невработени лица со попреченост
- Невработени лица – мажи до 60 години и жени до 58 години
- Жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство
- Невработени лица кои сакаат да го формализираат својот бизнис-мажи до 60 години и жени до 58 години
- Невработени лица Роми-мажи до 60 години и жени до 58 години
- Невработени лица повратници[2]

**Напомена**: Корисници на програмата можат да бидат и невработените лица кои имаат завршено обука за претприемништво и/или изработено бизнис план во 2023 година.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Јавен повик/Известување, Повикување од евиденцијата на невработени лица, Пријава и Прашалник за процена на претприемачки афинитети.

### КРИТЕРИУМИ

Учеството во програмата и селекцијата на кандидатите ќе се врши на конкурентска основа, согласно следните критериуми:

- Минимум авршено средно образование;

1 Покрај овие 1475 корисници, дополнителни 10 лица ќе се вработат кај работодавачите од новоснованите бизниси во сопственост на лицата со попреченост.

2 20 нови бизниси поддржани преку регионалниот проект на УНДП за повратниците од странство припадници од Ромската заедница и други лица во ризик од социјално и економско исклучување ќе се формираат во следните селектирани општини: Шуто Оризари, Штип и Прилеп.( дополнителни 12 лица ќе се вработат кај работодавачите).



- Успешно пополнет прашалник;
- Завршена обука за „Претприемништво и развој на претприемачки вештини";
- Изработен бизнис план според урнек на АППРСМ со советодавна поддршка од овластени советници регистрирани во каталогот на АППРСМ;
- Позитивно оценет бизнис план од експертска комисија;

Фирмите основани од лицата со попреченост, доколку имаат селектиран одржлив бизнисплан кој предвидува дополнително вработување, ќе се поддржат со до две дополнителни вработувања.

Програмата ќе се реализира при што ќе се води сметка за регионалната застапеност дефинирана во оперативните упатства.

Менторска поддршка од најмалку 120 часа за развој на позитивно оценетите Бизнис планови за следните целни групи:

- лица со попреченост;
- припадници на ромската заедница;
- жени од ранливи категории (приматели на парични права по основ на социјална заштита, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, самохрани мајки и социјално исклучени жени по основ на технолошки вишок и стечај).
- Повратници од странство во општините Шуто Оризари, Штип и Прилеп

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

Корисниците кои ќе бидат поддржани преку програмата за самовработување и ќе успеат да регистрираат правен субјект и се самовработат, ќе можат да се вклучат во мерката 2.1 Субвенционирање на плати и 2.2 Вработување и раст на правни субјекти. Поддршката со дополнително вработување ќе се обезбеди се до исполнување на планираниот опфат во мерките 2.1 и 2.2 од програмата за поддршка за креирање на нови работни места.

### ОБВРСКИ

Доколку правниот субјект во рок од 2 години од регистрација на правниот субјект престане со својата дејност или на корисникот на грантот му престане работниот однос по кој било основ (освен во случај на неспособност за работа или смрт) во рок од 2 години од засновање на работниот однос основачот/корисникот на грант е должен да врати:

- 80% од грантот,доколку престанокот е во првата година од регистрацијата на правниот субјект; или
- 60% од грантот,доколку престанокот е во втората година од регистрацијата на правниот субјект.

По засновањето на работниот однос на неопределено со полно работно време корисникот кој ќе ги искористи средствата доделени со овој договор во рок од три години не може да се врати во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, сметано од денот на засновањето на работниот однос или се додека не го врати долгот произлезен од непочитување на одредбите од Договорот.

Правниот субјект основан од лице со попреченост на кого му е одобрено дополнително вработување во рамките на оваа програма, е должен да го вработи лицето со полно работно време и задржи во работен однос најмалку 12 месеци доколку се работи за лице на возраст до 29 години, односно 9 месеци доколку се работи за лице на возраст над 29 години.

Доколку за времетраење на периодот на предвидената обврска, прекине работниот однос на дополнително вработените лица, освен ако причините за престанокот на работниот однос е смрт или неспособност за работа, работодавачот има обврска да вработи друго невработено лице евидентирано во АВРСМ или да врати средства во износ сразмерен со нереализираната обврска за намалениот број на вработени.

Правниот субјект/корисник кој е поддржан согласно со оваа програма е должен да ги исполни

законските обврски за исплата на плата и придонеси за сите 24 месеци од денот на засновање на работниот однос, во спротивно е должен да ги врати исплатените/искористените средства во целост.

Доколку на корисникот и основач на фирмата му престане работниот однос пред истекот на 2 години од датумот на вработувањето, а заради друго вработување, на негово место треба веднаш да вработи друго лице од евиденцијата на невработените лица во АВРСМ, на кое вработувањето треба да му биде најмалку до истекот на времетраење на договорот. Во спротивно е должен да ги врати исплатените средства. За реализација на горенаведеното, правниот субјект – корисник треба да поднесе Барање со изјава дека останува и понатаму основач и управител на фирмата до истекот на Договорот, кои треба да се доставaт до надлежниот ЦВ. ЦВ го разгледува Барањето и согласно ОП и одредбите од Договорот одлучува по истото.

Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик/Известување за невработени лица
- Пријава и пополнување на прашалник
- Обука за „Претприемништво и развивање на бизнис вештини"[1]
- Изработка на бизнис- план со советодавна поддршка преку Ваучер систем на советување на АППРСМ.
- Селекција на најуспешни бизнис-планови, имајќи ги во предвид критериумите за регионална застапеност
- Регистрација на фирма и вработување
- Дополнително вработување за бизниси основани од лица со попреченост.
- На правниот субјект/корисник ќе му се исплати на жиро сметка дополнителен износ од 3000 денари за финансирање на дел од трошоците за регистрација на правниот субјект, кои средства се обезбедени од буџетот на АВРСМ.
- Советодавна/менторска поддршка во период од 12 месеци од основањето на бизнисот ќе се обезбеди на следниве целни групи:
    - лица со попреченост;
    - припадници на ромската заедница;
    - жени од ранливи категории (приматели на парични права по основ на социјална заштита, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, самохрани мајки и социјално исклучени жени по основ на технолошки вишок и стечај).
    - Повратници од странство во општините Шуто Оризари, Штип и Прилеп
- По регистрација на правен субјект, АВРСМ врши мониторинг за наменско користење на доделените средства од програмата. Во случај на утврдено ненаменско коистење на доделените средства, корисникот е должен да ги врати средствата во целост.
- По регистрација на правен субјект од целна група лица со попреченост и лица повратници од странство АВРСМ во соработка со УНДП врши мониторинг за наменско користење на доделените средства од програмата. Во случај на утврдено ненаменско коистење на доделените средства, корисникот е должен да ги врати средствата во целост.

**Напомена**: Лицата кои добиле грант во изминатиот периоднемаат право за учество во програмата. Лицата кои имале статус на основач и управител 12 месеци пред аплицирање за оваа програма немаат право на учество за истата дејност.

Преку програмата нема да се поддржи основање на бизниси во следните дејности:

1. Земјоделска дејност, односно дејност од Сектор А/А, Оддел 01 – Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, со исклучок на органско земјоделско производство;
2. Бизниси во дејност од класа 49.32 - Такси служба;
3. Производство и дистрибуција на оружје, односно дејност од класа 25.40 – Производство на оружје и муниција;
4. Финансиски и осигурителни бизниси и активности кои вклучуваат игри на среќа, односно дејност од Сектор К/И – Финансиски дејности и дејности на осигурување.
5. Приватни агенции за вработување
6. По исклучок од Точка 1 и 2, невработените лица со попреченост ќе можат да регистрираат правен субјект во земјоделска дејност и такси служба.

[1] Обуката за претприемништво и развој на претприемачки вештини е задолжителна.

## 1(А) ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (ПРЕТПРИЕМНИШТВО)- ЗДРУЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ ВО ДОО

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Поддршка за невработените да започнат или да формализираат сопствен бизнис

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица евидентирани во АВРСМ

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**520** лица вработени во ново-основани правни субјекти[2]

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, МЕ-АППРСМ, ЦРРСМ, УНДП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

- **738.000** денари (правен субјект од два содружника).
- 3.000 денари за финансирање на дел од трошокот за регистрација на правен субјект

### КОРИСНИЦИ

- Невработени млади лица до 29 години
- Невработени лица – мажи до 60 години и жени до 58 години
- Жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство
- Невработени лица кои сакаат да го формализираат својот бизнис-мажи до 60 години и жени до 58 години
- Невработени лица Роми-мажи до 60 години и жени до 58 години

Напомена: Корисници на програмата можат да бидат и невработените лица кои имаат завршено обука за претприемништво и/или изработено бизнис план во 2022 година.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Јавен повик/Известување, Повикување од евиденцијата на невработени лица, Пријава и Прашалник за процена на претприемачки афинитети.

### КРИТЕРИУМИ

Учеството во програмата и селекцијата на кандидатите ќе се врши на конкурентска основа, согласно следните критериуми:

Учеството во програмата и селекцијата на кандидатите ќе се врши на конкурентска основа, согласно следните критериуми:

- Минимум завршено средно образование;

[2] 520 основачи на 260 нови правни субјекти.

- Успешно пополнет прашалник;
- Завршена обука за „Претприемништво и развој на претприемачки вештини";
- Изработен бизнис план според урнек на АППРСМ со советодавна поддршка од овластени советници регистрирани во каталогот на АППРСМ;
- Позитивно оценет бизнис план од експертска комисија;

Програмата ќе се реализира при што ќе се води сметка за регионалната застапеност дефинирана во оперативните упатства.

Менторска поддршка од најмалку 120 часа за развој на позитивно оценетите Бизнис планови за следните целни групи:

- припадници на ромската заедница;
- жени од ранливи категории (приматели на парични права по основ на социјална заштита, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, самохрани мајки и социјално исклучени жени по основ на технолошки вишок и стечај).

## ЗДРУЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ

Двете невработени лица (содружници) треба заеднички да ги поминат сите чекори на имплементација (изјава за учество, прашалник, обука за претприемништво и развивање на заедничка бизнис идеја и заеднички бизнис план итн.).

Доколку едно од лицата кои аплицираат за ДОО се откаже од учество во мерката, во било која фаза од реализација на мерката, истовремено се откажува и правото на учеството на другото лице.

Правниот субјект основан од два содружника, во регистарот на трговски друштва се регистрира како ДОО - Друштво со ограничена одговорност од две лица, при што секој од содружниците ќе има еднаков (50%) удел во друштвото.

НАПОМЕНА: Нема да се поддржат правни субјекти кои не ги исполнуваат условите за регистрирање на ДОО.

## ОБВРСКИ

Доколку правниот субјект во рок од 2 години од регистрација на правниот субјект престане со својата дејност или на корисникот на грантот му престане работниот однос по кој било основ (освен во случај на неспособност за работа или смрт) во рок од 2 години од заснование на работниот однос основачот/корисникот на грант е должен да врати:

- 80% од грантот,доколку престанокот е во првата година од регистрацијата на правниот субјект; или
- 60% од грантот,доколку престанокот е во втората година од регистрацијата на правниот субјект.

По заснованието на работниот однос на неопределено со полно работно време корисникот кој ќе ги искористи средствата доделени со овој договор во рок од три години не може да се врати во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, сметано од денот на заснованието на работниот однос или се додека не го врати долгот произлезен од непочитување на одредбите од Договорот.

Правниот субјект/корисници кој е поддржан согласно со оваа програма е должен да ги исполни законските обврски за исплата на плата и придонеси за сите 24 месеци од денот на заснование на работниот однос, во спротивно е должен да ги врати исплатените/искористените средства во целост.

Доколку на корисникот и основач на фирмата му престане работниот однос пред истекот на 2 години од датумот на вработувањето, а заради друго вработување, на негово место треба веднаш да вработи друго лице од евиденцијата на невработените лица во АВРСМ, на кое вработувањето треба да му биде најмалку до истекот на времетраење на договорот. Во спротивно е должен да ги врати исплатените средства. За реализација на горенаведеното, правниот субјект – корисник треба да поднесе Барање со изјава дека останува и понатаму основач и управител на фирмата до истекот на Договорот, кои треба да се доставаат до надлежниот ЦВ. ЦВ го разгледува Барањето и согласно ОП и одредбите од Договорот одлучува по истото.

Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик/Известување за невработени лица
- Пријава и пополнување на прашалник
- Обука за „Претприемништво и развој на претприемачки вештини"[1];
- Изработка на бизнис- план со советодавна поддршка преку Ваучер систем на советување на АППРСМ.
- Селекција на најуспешни бизнис-планови, имајќи ги во предвид критериумите за регионална застапеност
- Регистрација на фирма и вработување
- Висината на грантот е до максимум 738.000 денари, со вклучен ДДВ, и корисниците на грантот ќе го добијат на наменска сметка (согласно Оперативните Упатства) со приложување на профактури за набавка на опрема и/или материјали и /или готови производи за понатамошна продажба согласно спецификацијата на бизнис планот.
- На правниот субјект/корисници ќе му се исплати на жиро сметка дополнителен износ од 3000 денари за финансирање на дел од трошоците за регистрација на правниот субјект, кои средства се обезбедени од буџетот на АВРСМ. По регистрација на правен субјект, АВРСМ врши мониторинг за наменско користење на доделените средства од програмата. Во случај на утврдено ненаменско коистење на доделените средства, корисникот е должен да ги врати средствата во целост.

**Напомена: Лицата кои добиле грант во изминатиот период немаат право за учество во програмата.**

**Лицата кои имале статус на основач и управител 12 месеци пред аплицирање за оваа програма немаат право на учество за истата дејност.**

Преку програмата нема да се поддржи основање на бизниси во следните дејности:

1. Земјоделска дејност, односно дејност од Сектор А/А, Оддел 01 – Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, со исклучок на органско земјоделско производство;
2. Бизниси во дејност од класа 49.32 - Такси служба;
3. Производство и дистрибуција на оружје, односно дејност од класа 25.40 – Производство на оружје и муниција;
4. Финансиски и осигурителни бизниси и активности кои вклучуваат игри на среќа, односно дејност од Сектор К/И – Финансиски дејности и дејности на осигурување.
5. Приватни агенции за вработување
6. Приватни здравствени установи

1 Обуката за претприемништво и развој на претприемачки вештини е задолжителна.

## 2. ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

ПОДДРШКАТА ЗА КРЕИРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ЌЕ ВЛИЈАЕ ВРЗ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ВО МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ШТО ПРИМАРНО СЕ НАСОЧЕНИ КОН СОЦИЈАЛНИ/ОПШТЕСТВЕНИ ЦЕЛИ И ЧИЈ ПРОФИТ СЕ РЕИНВЕСТИРА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ТИЕ ЦЕЛИ НИЗ ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ ИЛИ ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТАИ ГРАЃАНСКИ (НЕПРОФИТНИ) ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ,Т.Е. АКТИВНОСТ КЛАСИФИЦИРАНА СПОРЕД НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ СО КОЈА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ГИ ОСТВАРУВААТ СВОИТЕ ЦЕЛИ УТВРДЕНИ СО СТАТУТОТ.

### 2.1 СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

#### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат во пазарот на трудот

#### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица евидентирани во АВРСМ, кои потешко се вклучуваат во пазарот на трудот:

- долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години)
- млади лица до 29 години
- лица постари од 50 години
- лица корисници на гарантирана минимална помош
- лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност
- лица што имале статус на деца без родители и родителска грижа
- жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство
- лица-жртви на трговија со луѓе
- лица со попреченост
- жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етнички заедници
- лица припадници на ромската етничка заедница
- самохрани родители
- родители на деца со пречки во развојот[1]
- родители на 3 и повеќе деца
- родители на деца на улица
- осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа
- бездомни лица
- лица со незавршено средно или пониско образование
- жени

#### ОПФАТ НА МЕРКАТА

650 вкупно невработени лица евидентирани во АВРСМ

#### НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

1 Лицата од оваа целна група ќе засноваат работен однос со најмногу 20 часа во недела согласно Закон за социјална заштита



МТСП, АВРСМ, ЦСР, ЦРРСМ, УЈП

#### ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО

6 месеци

#### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКа

**22.000 денари** вкупно месечно како субвенција на платата на вработеното лице за период од 6 месеци за вработување на лица од споменатите целни групи.

Работодавачот може да му исплати на работникот и повисока плата.

Вкупната финансиска поддршка за едно лице за период од **6 месеци изнесува 132.000 денари.**

Средствата ќе се исплаќаат месечно, по доставен доказ за исплатена плата од страна на работодавач за целиот период на субвенционирање, по реализацијата на вработувањето со полно работно време, во согласност со одредбите и условите наведени во Договорот за субвенција.

#### КОРИСНИЦИ

Микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност.

Нови претпријатија основани преку Програмата за Самовработување во 2023 година.

#### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

За работодавачи:

Јавен повик/Известување, Пријава за учество и Барање за посредување при вработување.

За невработени лица:

Јавен повик, Известување, Пребарување од евиденцијата на невработени лица по основ на профилирање, ИПВ и индивидуален план за активација.

#### КРИТЕРИУМИ

За работодавачи:

- Вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализацијата на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број на вработени лица[2] на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос поради отказ од работникот, остварување на право на пензија, смрт, или неспособност за работа;
- Ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Да нема финансиска загуба во претходната година.[3]
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање немаат вработено лице.
- Лицата на кои работниот однос (на определено или неопределено време) им престанал една година пред вработување во активната мерка, нема да бидат поддржувани со повторни вработувања кај истиот работодавач, со исклучок на граѓанските организации.
- Бројот на ново-вработени лица што работодавачот може да ги добие преку програмата за поддршка за вработување не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени во претходната календарска година, при што максималниот број не може да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач во една календарска година, освен при вработување на

2 Терминот „просечен број на вработени“ се однесува само на потребите на имплементацијата на активните програми/мерки за вработување.
3 Овој критериум не важи за правните субјекти кои се регистрирани по 01.07.2023 година.

корисници на гарантирана минимална помош каде максималниот број на вработени лица со ова мерка не е ограничен. Работодавач што има едно вработено лице во моментот на аплицирање чиј просечен број на вработени во предходната година е 0, граѓанските организации што немаат ниту едно вработено лице и кај правните субјекти регистрирани по 01.07.2023 година, максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице.

- Работодавач за исто лице не може да користи два пати финансиска подршка за вработување без разлика на која мерка се однесува.

### ОБВРСКИ

За работодавачи: Работодавачот што вработува невработено лице е должен да го задржи лицето во вкупен работен однос од:

- 6 дополнителни месеци ако користи за 6 месеци субвенционирање ( вкупен период на вработување 12 месеци)
- 3 дополнителни  месеци, ако користи  6 месеци субвенционирање (за корисници на гарантирана минимална помош;жени; млади до 29години и Роми ( вкупен период на вработување 9 месеци)
    - Доколку на работникот за кој е исплатена субвенција, му престане работниот однос во било кој период (периодот на субвенција и дополнителниот период за кој е должен да го задржи работникот во работен однос), освен во случај на смрт и неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго невработено лице- активен барател на работа што припаѓа на било која категорија во рамките на целните групи опфатени со оваа мерка. Во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци).
    - Работодавачот е должен за целиот период (периодот на субвенција и дополнителниот период за кој е должен да го задржи работникот во работенодност) да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање вклучително и бројот на лицата вработени преку оваа мерка), освен во случај на престанок на работниот однос поради смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 30 дена да вработи друго лице- со цел надополнување на бројот, во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци).

Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните Упатства и договорот1

### РЕАЛИЗАЦИЈА

Јавен повик/Известување, Пријава за учество, Посредување и повикување од евиденцијата од страна на вработеното лице во Центарот за вработување, известување од страна на центрите за социјална работа, Селекција, вработување, потпишување на договор, мониторинг.

## 2.2 ВРАБОТУВАЊЕ И РАСТ НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ

### ЦЕЛ НА МЕРКА

Поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица евидентирани во АВРСМ

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**473** невработени лица евидентирани во АВРСМ од следните целни групи: млади лица до 29 години, лица над 29 години, корисници на гарантирана минимална помош, Роми и жени Ромки со заршено средно или високо образование.

1 Договорот се склучува со правното лице и со управителот/одговорното лице – со цел преземање на одговорност за неисплатени обврски во случај на престанок на правниот субјект.

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, ЦРРСМ, УЈП, ЦСР

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Поддршка за ново вработување до 800.000 денари, или 1.100.000 денари (во зависност од возраста и од бројот на одобрени вработувања).

Висината на грантот за вработување на едно лице до 29 години, за лица корисници на гарантирана минимална помош,  Роми, за лица со попреченост и  за жени Ромки со завршено средно или високо образование[2] висината на грантот изнесува 220.000,00 ден. За невработени  над 29 години висината на грантот за вработено едно лице изнесува 160.000 денари,

### КОРИСНИЦИ

Микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации заинтересирани за отворање нови работни места. Нови претпријатија основани преку Програмата за Самовработување во 2023 година.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Јавен повик/Известување, Пријава,Посредување и повикување од евиденцијата од страна на вработеното лице во Центарот за вработување.

### КРИТЕРИУМИ

Учеството во програмата и селекцијата на работодавачи ќе се врши во согласност со следните критериуми:

- Вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализација на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број вработени лица[3] на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос (поради отказ од работникот), остварување на право на пензија, смрт или неспособност за работа.
- Ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Да нема финансиска загуба во претходната година[4];
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање можат да немаат вработено лице;
- Лицата на кои работниот однос (на определено или неопределено време) им престанал една година пред вработување во активната мерка, нема да  бидат поддржувани со повторни вработувања кај истиот работодавач и со друго поврзано друштво согласно Законот за трговски друштва ( член 491 од Закон за трговски друштва)[5], со исклучок на граѓанските организации.
- Бројот на ново вработени лица не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, при што максималниот број неможе да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач во една календарска година. Работодавач кој има едно вработено лице во моментот на аплицирање чиј просечен број на вработени во предходната година е 0,граѓанските организации и кај правните субјекти регистрирани по 01.07.2023 година што немаат ниту едно вработено лице, максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице.

2 Работодавач кој ќе аплицира за вработување на оваа целна група ќе има предност при селекцијата
3 Терминот „просечен број на вработени" се однесува само на потребите на имплементацијата на активните програми/мерки за вработување
4 Овој критериум не важи за правните субјекти кои се регистрирани по 01.07.2023година.
5 Ќе се побара извод од Тековната состојба на друштвата од Централен регистар каде како сопственици или членови на органите на управување не треба да се јавува истото лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив.

- Работодавач за исто лице не може да користи два пати финансиска подршка за вработување без разлика на која мерка се однесува.

### ОБВРСКИ

- Работодавачот кој вработува невработено лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 9 месеци доколку се работи за лице на возраст над 29 години и 12 месеци доколку станува збор за лица од следните целни групи:

1. Лица до 29 години
2. Корисници на гарантирана минимална помош
3. Роми
4. Лица со попреченост
5. Жени Ромки со завршено средно и високо образование, сметано од денот на засновање на работниот однос.

- Доколку лицето за кое е обезбедено финансиска поддршка му престане работниот однос по било кој основ, освен во случај на смрт или неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго евидентирано невработено лице активен барател на работа од истата целна група (во однос на финансиска поддршка), во спротивно е должен да го врати износот на средствата сразмерно со преостанатото време до истекот на рокот.
- Работодавачот е должен целиот период на предвидената обврска да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање, вклучително и бројот на лицата вработени преку оваа мерка), освен во случај на смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 30 дена да вработи друго лице- со цел надополнување на бројот, во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци).
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните Упатства и договорот[1]

### РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик
- Апликација
- Селекција
- Вработување
- Потпишување Договор за грант
- Исплата на парични средства ќе биде на наменска сметка со приложување на профактури за набавка на опрема, материјали и готови производи за понатамошна продажба.
- Мониторинг

## 2.3 ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Да се зголеми вработливоста и можностите за вработување на евидентираните невработени лица со попреченост

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица со попреченост евидентирани во АВРСМ

1 Договорот се склучува со правното лице и со управителот/одговорното лице – со цел преземање на одговорност за неисплатени обврски во случај на престанок на правниот субјект.



### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**150** невработени лица евидентирани во АВРСМ

### НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

АВРСМ

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

- Вработување на лице со попреченост на неопределено време, за што се доделуваат 20 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, доколку станува збор за слепо лице или за лице со попреченост што се движи со помош на инвалидска количка.
- Адаптација на работно место, за што се доделуваат средства во висина до 100.000 денари
- Набавка на опрема, за што се доделуваат средства во висина до 200 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, при што основен критериум за висината на доделените средства е бројот на вработени лица со попреченост.
- Работен асистент на лице со попреченост, кое е вклучено во работно оспособување на негово барање или на барање на работодавачот.
- Работно оспособување на вработени и невработени лица со попреченост.

### КОРИСНИЦИ

- Лица со попреченост кои самостојно вршат дејност како трговец поединец, работодавач или има својство на работодавач.
- Трговски друштва за вработување на лица со попреченост-заштитни друштва.
- Државна администрација.
- Единиците на локалната самоуправа и Град Скопје.
- Јавните претпријатија, агенции, фондови и други државни институции.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Согласно со Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на РМ" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015 и 27/2016, 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 103/21) и Правилникот за критериумите и начинот на доделување неповратни средства од Посебниот фонд („Службен весник на РМ" бр. 156/2008 и 163/2015).

Барањето за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд корисникот го поднесува до Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, преку Центарот за вработување на чие подрачје е седиштето на работодавачот.

### КРИТЕРИУМИ

Критериумите се дефинирани со Правилникот за критериумите и начинот доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на лица со попреченост („Службен весник на РМ" бр. 156/2008 и 163/2015).

### ОБВРСКИ

- При вработување на лице со попреченост, корисникот на средствата е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на попреченост на лицето со попреченост што се вработува;
- Корисникот на средства од Посебниот фонд не смее да го намали вкупниот број на вработени лица со попреченост за чие вработување се користени неповратни средства (во рок од 3 години од денот на вработувањето на лицето со попреченост за кое се искористени

средства по основ на вработување, освен ако престанокот е по сила на закон или во случај на смрт, или 3 години од денот на доделувањето средства за набавка на опрема);

- Корисникот на средства е должен на вработените лица со попреченост редовно да им исплаќа плата во согласност со закон, колективен договор и договорот за вработување и
- Лицата со попреченост треба да работат на соодветно работно место во согласност со наодот.

### РЕАЛИЗАЦИЈА

- Управниот одбор на Агенцијата за вработување донесува решение за доделување на средства од Посебниот фонд по поднесено барање во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето;
- Врз основа на донесеното решение, се изготвува Договор за исплата на доделени средства од Посебниот фонд
- По доставување на банкарска гаранција од страна на корисникот на средствата, се врши исплата на доделените средства.

## 3. ОБУКИ

ОБУКИТЕ ИМААТ ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДОБРАТ ВЕШТИНИТЕ И КВАЛИФИКАЦИИТЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ЗА НИВНА ПОУСПЕШНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД.

## 3.1 ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО КАЈ КОНКРЕТЕН РАБОТОДАВАЧ

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Целта на мерката е стекнување на вештини на невработените лица за извршување на работните задачи во согласност со потребите на работодавачот

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ (корисници на ГМП, жени, роми, млади до 29г., лица со попреченост и долгорочно невработени)

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**184** невработени лица евидентирани во АВРСМ од кои 150 финансирани преку АВРСМ- потсметка за активни програми и мерки за вработување,

- 20 лица ќе бидат идентификувани и финансирани преку проектот „Зајакнување на националните и локални системи за поддршка и ефективна социо-економска интеграција на повратниците"[1,2] и
- 14 преку АВРСМ – ИПА II четврти директен грант

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ, ЦРРСМ и УЈП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

- Лица што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 11.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката до 3 месеци. Надоместоците кон невработените лица ќе бидат исплатени од страна на АВРСМ.
- На работодавачот ќе му биде исплатен еднократен износ од 25.000 денари по обучено лице по завршена обука.

1 Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан се имплементира од страна на УНДП, а е финансиран од Европската комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020)
2 Фокусут на мерката е на следната целна група: ранливите повратници од земјите на ЕУ со особено внимание на Роми. Мерката ќе се реализира во општините Шуто Оризари, Штип и Прилеп.



### КОРИСНИЦИ

- Невработени лица од евиденција на АВРСМ со минимум завршено основно образование
- Работодавачи

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За работодавачи:**

Јавен повик/Известување, Пријава за учество во програмата, Програма за обука

**За невработени лица:**

Пребарување од евиденцијата на невработени лица[3], врз основа на профилирање и ИПВ и индивидуален план за активација, Пријава и изјава за согласност.

### КРИТЕРИУМИ

**За работодавачи:**

- Работодавачот треба да има вработено најмалку едно лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации и работодавачи кои ќе вклучат во обука жени од ромската етничка заедница;
- На денот на аплицирање ги имаат подмирено сите обврски врз основа на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување и

**За невработени лица:**

- минимум завршено основно образование

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица што нема да се вработат, ќе имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

Работодавач што ќе вработи повеќе од 50% од лицата што биле на обука, за тие лица ќе може да ги користи мерките од Програмата 2 во согласност со утврдените критериуми.

### ОБВРСКИ

**За работодавачи:**

- Работодавачот е должен да ја спроведе програмата за обука (неверификуван) во согласност со претходно утврден план за неа;
- Работодавачот е должен да назначи ментор за лицата на обука;
- Работодавачот има обврска да вработи најмалку 50%[4] од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 3 месеци. Доколку работодавачот не заснова работен однос со најмалку 50% од вклучените лица во обуката или доколку на истите по засновање на работниот однос во период од 3 месеци им престане работниот однос, освен во случај на смрт или неспособност за работа, должен е да вработи друго невработено лице од лицата вклучени во обуката или друго евидентирано невработено лице, во спротивно должен е да ги врати средствата исплатени по обучено невработено лице за лицата кои не ги вработил, а кои се утврдени со договорот;
- За време на обуката и периодот за кој работодавачот има обврска да го задржи лицето на работа (6 месеци), работодавачот е должен да не го намали вкупниот број на работници на неопределено време кој го имал на денот на аплицирање. Во спротивно е должен да го врати целиот исплатен износ;
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

**За невработени лица:**

3 Само за учесници во мерката финансирани преку ИПА II средства
4 Доколку работодавачот обучувал едно лице, има обврска да го вработи истото.

- За времетраење на обуката кандидатот е должен: редовно да ја посетува обуката и да ги извршува доделените работни задачи; во случај на спреченост за присуство на работното место - во рок од 24 часа да го извести работодавачот за причината поради која отсуствува и донесе документ за оправдување, во спротивно ќе биде исклучен од обуката; да биде дисциплиниран и да го почитува пропишаниот ред и почитува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали; во случај да направи штета за време на обуката поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести на работодавачот. Правото на обука на кандидатот престанува: ако кандидатот самоволно ја напушти обуката; ако е исклучен поради неоправдано отсуство од обуката; ако направи штета поради несовесно однесување или крајно невнимание и ако од оправдани причини (болест, вработување, основач или управител на правен субјект, отслужување на воен рок) не присуствувал на најмалку 70% од обуката. Освен во случај ако престанокот на обуката е од оправдани причини, во сите други наведени случаи кандидатот се брише од евиденција на невработени лица за период од една година. На невработените лица кои присуствувале на минимум 70% од предвидените часови за тој месецим се исплаќа 11.000 денари месечно (со вклучен данок на личен доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување);
- Кандидатот што ќе ја заврши обуката и му е понудено вработување, должен е да заснова работен однос кај работодавачот. Доколку не заснова работен однос е должен да ги врати средствата;
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик за работодавачи
- Пријава за учество во обуката од заинтересирани работодавачи
- Селекција на работодавачи
- Селекција на невработени лица
- Договор со работодавач и со невработено лице
- Обука на невработени лица
- Вработување
- Мониторинг

# 3.2 ОБУКА ЗА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ СПОРЕД БАРАЊЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ

## ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Целта на мерката е да се обезбеди обука за стручни квалификации спроведени од верификувани обучувачи според барањата на работодавачите. Обуката ќе се реализира во тесна соработка со работодавачите и спроведувачите на обуката

## ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ

## ОПФАТ НА МЕРКАТА

**80** невработени лица евидентирани во АВРСМ од кои

## НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, УНДП, МОН, ЦОВ, работодавачи, спроведувачи на обука.

## ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Лица што ќе посетуваат обука преку мерката** ќе добијат месечен надоместок во висина од **11.000 денари,** со вклучено со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката **од 3 до 4 месеци.**

**Спроведувачите на обука** ќе добијат надоместок во висина до **30.000 денари** за лице на обука.

## КОРИСНИЦИ

- Невработени лица од евиденција на АВРСМ со минимум завршено основно образование
- Работодавачи

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За работодавачи:**

Јавен повик/Известување, Пријава за учество во програмата[1]

**За невработени лица:**

Известување, Пријава и Изјава за согласност, Пребарување од евиденцијата на невработени лица, врз основа на профилирање и ИПВ.

**Спроведувачи на обука:**

Од регистарот на верификувани спроведувачи на ЦОВ и МОН. Од евиденцијата на МОН за средни стручни училишта со верификувана програма за обука.

## КРИТЕРИУМИ

**За работодавачи:**

- Обезбедување простории/капацитети, опрема за реализација на обуката

**За спроведувачите на обука:**

- Важечка верификација за реализација на обука и/или профил на занимање од потребната струка

**За невработени лица:**

- Селекцијата на невработени лица од евиденцијата на АВРСМ ја врши работодавачот

## КОМБИНАЦИЈА СО ОСТАНАТИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

## ОБВРСКИ

**За спроведувачите на обука:**

- Приспособува програма за обука во период од 3 до 4 месеци, во согласност со потребите на работодавачите, верификувана од ЦОВ и МОН;
- Доставува месечен извештај за присутност на лицата, извештај за резултатите од месечната реализација на обуките и доказ за исплатени средства на кандидатите;
- Спроведува проверка на стекнатите знаења пред Комисија и издава соодветен документ пропишан од Министерството за образование и наука (МОН) и/или од Центарот за образование на возрасните (ЦОВ) и
- По завршување на обуката, доставува до УНДП и АВРСМ збирен извештај и евалуација на реализираната обука.

**За невработени лица:**

- За времетраење на обуката кандидатот е должен:

1 Пријавувањето работодавачите може да го направат online

- Редовно да ја посетува обуката и да ги извршува доделените работни задачи. Во случај на спреченост за присуство на работното место, во рок од 24 часа да го извести работодавачот за причината поради која отсуствува и да донесе документ за оправдување. Во спротивно ќе биде исклучен од обуката;
- Да биде дисциплиниран и да го почитува пропишаниот ред и почитува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали. Во случај да направи штета за време на обуката поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести на работодавачот.

- Правото на обука на кандидатот престанува ако кандидатот:

  - Не присуствувал на 70% од обуката од оправдани причини (болест, вработување, основач или управител на правен субјект, отслужување на воен рок);
  - Самоволно ја напушти обуката;
  - Е исклучен поради неоправдано отсуство од обуката и направи штета поради несовесно однесување или крајно невнимание.
  - Во случај на престанокот на обуката, кандидатот се брише од евиденција на невработени лица за период од една година, освен ако е исклучен од обуката поради оправдани причини;
  - Доколку настане престанок на обуката согласно горе-наведените причини, работодавачот во соработка со надлежниот Центар за вработување може да направи замена со друго лице од евиденцијата на АВРСМ во период до 1 месец од почетокот на обуката;
  - По завршување на обуката, кандидатот полага завршен испит пред Комисија и доколку не се јави/не присуствува на полагањето на завршниот испит, должен е да ги врати дотогаш исплатените средства и се брише од евиденција на невработени лица за период од една година и
  - Кандидатот што ќе ја заврши обуката и му е понудено вработување, должен е да заснова работен однос кај работодавачот. Доколку не заснова работен однос должен е да ги врати средствата, освен во случај на вработување кај друг работодавач.

**За работодавачи:**

- Утврдува минимални критериуми за селекција на невработени лица;
- Активно учествува во реализацијата на обуката;
- Доколку е во можност го дополнува/ ко-финансира месечниот надоместок на лицата упатени на обука, што соодветно се рефлектира и во договорот;
- По завршувањето на обуката, во рок од 3 дена работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 6 месеци. Доколку работодавачот не заснова работен однос со најмалку 50% од вклучените лица кои успешно ја завршиле обуката, должен е да ги врати средствата во вкупен износ до 30.000 денари по обучено невработено лице за лицата кои не ги вработил, а кои се утврдени со договорот, освен во случај кога некое од обучените невработени лица одбиле вработување и
- Доколку на работникот му престане работниот однос пред истекот на 6 месеци, освен во случај на смрт и неспособност за работа работодавачот е должен во рок од 30 дена да вработи друго невработено лице од лицата кои успешно ја завршиле обуката или друго евидентирано невработено лице. Во спротивно е должен средствата искористени за обука во износ до 30.000 денари за лице да ги врати во сразмерен износ.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Пријава за учество на работодавачи
- Селекција на работодавачи
- Селекција на спроведувачи на обука
- Известување за невработени лица
- Селекција на невработени лица
- Обука на невработени лица
- Вработување
- Мониторин

## 3.3 ОБУКИ ЗА ПОБАРУВАНИ ЗАНИМАЊА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Целта на мерката е преку обука да се задоволат потребите од побарувани занимања, социјални услуги[1] и квалификации што водат до „зелени работни места", е-трговија како и до зголемување на вработливоста на повратниците.

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**620** **невработени лица од кои** 20 лица ќе бидат идентификувани и финансирани преку проектот „Зајакнување на националните и локални системи за поддршка и ефективна социо-економска интеграција на повратниците"[23]

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, МОН, ЦОВ, и верификувани спроведувачи на обуки

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Лицата што ќе посетуваат обука** ќе добијат месечен надоместок во висина од **11.000 денари** со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа ипрофесионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката.

**Спроведувачите на обука** ќе добијат надоместок од вкупно **30.000** денари по обучено лице[4]. Обуката ќе се реализира во времетраење од 3 месеци. Предност за вклучување во обуките ќе имаат корисниците на гарантирана минимална помош.

### КОРИСНИЦИ

Невработени лица од евиденција на АВРСМ со минимум завршено основно образование

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За спроведувачи на обука:**

Јавен повик, Пријава за учество во обуките од страна на верификувани спроведувачи преку јавен повик објавен од ЦОВ и/или од регистарот на верификувани спроведувачи на ЦОВ и МОН.

**За невработени лица:**

Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање, ИПВ и индивидуален план за активација, Пријава и Изјава за согласност.

### КРИТЕРИУМИ

**За спроведувачите на обука:**

1 Согласно новиот Закон за социјална заштита - се лични асистенти за лица со попреченост и даватели на услуга:помош и нега во домот-негователи
2 Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан се имплементира од страна на УНДП, а е финансиран од Европската комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020)
3 Фокусут на мерката е на следната целна група: ранливите повратници од земјите на ЕУ со особено внимание на Роми. Мерката ќе се реализира во општините Шуто Оризари, Штип и Прилеп.
4 Средствата за спроведувачите за лицата повратници ќе бидат обезбедени од Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан се имплементира од страна на УНДП, а е финансиран од Европската комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020)

- Спроведувачот на обука за побарувани занимања треба да има важечка верификација за реализација на обука

**За невработени лица:**

- Исполнети минимални квалификации за следење на обуката.

## КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

## ОБВРСКИ

**За спроведувачи на обука**

- Спроведува обука верификувана од ЦОВ и МОН;
- Доставува месечен извештај за присутност на лицата, извештај за резултатите од месечната реализација на обуките;
- Спроведува проверка на стекнатите знаења на кандидатите пред Комисија и издава соодветен документ пропишан од Министерството за образование и наука (МОН) и/или од Центарот за образование на возрасните (ЦОВ);
- На лицата кои успешно ќе го положат испитот им издава сертификат пропишан од МОН/ ЦОВ.
- Спроведувачот на обука доставува завршен извештај и евалуација за реализираната обука.
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

**За невработени лица:**

- За времетраење на обуката кандидатот е должен: редовно да ја посетува обуката, во случај на спреченост за присуство, во рок од 24 часа да го извести спроведувачот на обукатаза причината поради која отсуствува и да донесе документ за оправдување, во спротивно ќе биде исклучен од обуката; да биде дисциплиниран, да го почитува пропишаниот ред и да го чува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали; во случај да направи штета за време на обуката поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести. Кандидатот кој ќе престане да ја посетува обуката односно практичната работа од неоправдани причини се брише од евиденција на невработени во рок од една година и
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

**Реализација**

- Јавен повик за спроведувачи на обуки;
- Пријава за учество на спроведувачи на обука;
- Селекција на спроведувачи на обука;
- Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ;
- Селекција на невработени лица;
- Обука на невработени лица и;
- Мониторинг.

# 3.4 ОБУКИ ЗА ВОЗАЧИ ЗА Ц, ЦЕ И Д - КАТЕГОРИЈА

## ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на вештини, согласно побарувањата во сообраќајната струка и искажаните потреби за работна сила во оваа стопанска гранка и нивно вработување.

## ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ

## ОПФАТ НА МЕРКАТА

**150** невработени лица евидентирани во АВРСМ

## НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, Авто школи

## ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Обуките и полагањата ќе се реализираат во лиценцирани автошколи. Обуките ќе бидат насочени кон занимања кои се побарувани на пазарот на трудот во сообраќајната струка т.е. ќе бидат насочени кон задоволување на потребите од возачи со положен возачки испит за категорија „Ц“, „ЦЕ“ и „Д“ кај спроведувачи на обуки пријавени на јавен оглас. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката, ќе имаат право да полагаат за возачки испит во лиценцирани испитни центри. Обуката ќе трае еден месец.

## КОРИСНИЦИ

Невработени лица од евиденција на АВРСМ со минимум завршено основно образование

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За спроведувачи на обука:**

Постапка за доделување на договор за јавна набавка

**За невработени лица:**

Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност.

## КРИТЕРИУМИ

**За спроведувачите на обука:**

- Обуките ќе се спроведуваат од страна на селектирани лиценцирани автошколи, а по завршувањето на обуката (теоретски и практичен дел), успешните кандидати ќе полагаат за возачки испит за категорија „Ц“, ЦЕ или „Д“ во испитни центри лиценцирани за организирање и спроведување на возачки испит за оваа категорија.

**За невработени лица:**

- Лицата заинтересирани за учество во обуката да се од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРСМ;
- Исполнети минимални квалификации за следење на обуката.
- Лицата кои ќе се вклучат во обуката за „Ц“ категорија да имаат претходно добиена (минимум 1 година), полни 21 година и важечка возачка дозвола за категорија „Б“,
- Лицата кои ќе се вклучат во обуката за „ЦЕ“ категорија да имаат претходно добиена (минимум 1 година), полни 21 година и важечка возачка дозвола за категорија „Ц“,
- Лицата кои ќе се вклучат во обуката за „Д“ категорија да имаат претходно добиена (минимум 2 години), полни 24 години и важечка дозвола за категорија „Ц“;

## КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план

## ОБВРСКИ

**За спроведувачи на обука**

- Спроведува обука.
- Доставува месечен извештај за присутност на лицата, извештај зарезултатите од месечната реализација на обуките;
- Спроведува проверка на стекнатите знаења на кандидатите пред Комисија и издава соодветен документ;
- За бројот на лицата кои успешно ќе го положат испитот им издава потврда;
- Лиценцираната автошкола доставува завршен извештај до АВРСМ.

**За невработени лица:**

- Редовна посета на обуката;
- Лицето кое ќе престане да ја посетува обуката од неоправдан причини се брише од евиденција на невработени во рок од една година;
- По завршената обука и положен испит, невработеното лице ќе се стекне со потврда за издавање на возачка дозвола за категорија „Ц", ЦЕ или „Д", податок што ќе биде внесен во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице. Во случај лицето да не го положи испитот во предвидениот рок има право повторно да го полага на сопствен трошок.
- Кандидатот има обврска во рок од 4 месеци месеци од завршување на обуката да го полага испитот за стекнување со возачка дозвола за Ц, ЦЕ и Д- категорија.
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Селекција на спроведувачи на обука;
- Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ;
- Селекција на невработени лица;
- Обука на невработени лица;
- Мониторинг.

## 3.5 ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на лиценци за приватно обезбедување, согласно побарувањата во обезбедувањето на физичките лица и искажаните потреби за работна сила.

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ со минимум завршено средно образование.

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**100** невработени лица евидентирани во АВРСМ

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ и Комора на РСМ за приватно обезбедување

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Спроведувачот на обука ќе добие финансиска подршка во висина на целосен износ на утврдениот надоместок за добивање на лиценца за физичко обезбедување.

### КОРИСНИЦИ

Невработени лица од евиденција на АВРСМ со минимум завршено средно образование

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За спроведувачи на обука:**

Постапка за доделување на договор за јавна набавка

**За невработени лица:**

Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност.

### КРИТЕРИУМИ

**За спроведувачите на обука:**

- Обуките се реализираат согласно Законот за приватно обезбедување.

**За невработени лица:**

- Лицата заинтересирани за учество во обуката да се од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРСМ;
- Поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение не постаро од 3 (три) месеци.

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план

### ОБВРСКИ

**За спроведувачи на обука**

- Организира и спроведува обука (оспособување за физичко обезбедување во Скопје и Штип).
- Доставува извештај за присутност на лицата, извештај за резултатите од реализација на обуките;
- Издава потврда за оспособеност за кандидатите кои ја завршиле обуката.
- Организира и спроведува полагање на стручен испит за приватно обезбедување.
- Издава уверение за положен стручен испит за кандидатите кои успешно завршиле теоретски и практичен дел од испитот.
- Издава лиценца за физичко обезбедување.

**За невработени лица:**

- Редовна посета на обуката;
- Лицето кое ќе престане да ја посетува обуката од неоправдан причини се брише од евиденција на невработени во рок од една година;
- По завршената обука и положен испит, невработеното лице ќе се стекне со лиценца за физичко обезбедување.
- Кандидатот има обврска во рок од 2 месеци од почеток на обуката, истата да ја заврши и во рок од 6 месеци да го полага стручниот испит. Во случај лицето да не го положи испитот (не положи 1 или 2 предмети од испитот) има право повторно да полага на сопствен трошок.[1]

1 Согласно Закон за приватно обезбедување

- По положен стручен испит да достави до Спроведувач, барање со целосна документација за стекнување на лиценца за физичко обезбедување.[1]
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот

## РЕАЛИЗАЦИЈА

Постапка за доделување на договор за јавна набавка;

- Селекција на спроведувач на обука;
- Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ;
- Селекција на невработени лица;
- Обука на невработени лица;
- Издавање потврда за оспособеност за кандидатите кои ја завршиле обуката
- Полагање испит за приватно обезбедување;
- Издавање на уверение за испит.
- Издавање на лиценца за физичко обезбедување.
- Мониторинг.

# 3.6 ОБУКА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (РЕГРУТЕР)

## ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Мерката има за цел да се обучат невработени лица до 40 години што ќе обезбедуваат услуги за вработување во име на работодавачот, односно  да се обучат да најдат таленти и да лоцираат поединци кои исполнуваат специфични барања за работа.

## ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица до 40 години, евидентирани во АВРСМ со минимум завршено високо образование

## ОПФАТ НА МЕРКАТА

**50**невработени лица евидентирани во АВРСМ

## ОПИС НА МЕРКАТА

Во рамки на позицијата Регрутерот/Headhunter- от е одговорен за: комуникација со Раководителите на департмани во компанијата со цел утврдување на потребите за нови кадри; спроведување на соодветен процес за регрутирање на соодветни кандидати: реализација на пред-селекција и финална селекција на кандидати во склад со утврдените потреби на клиентите; водење евиденција за спроведените интервјуа, статусот на проектите и нивната реализација; континуирана комуникација со клиентите во процесот на селекција и споделување на потребните информации од селекцијата;

Имајќи го во предвид, значењето на оваа позиција за една компанија и одговорностите на еден Регрутер/ Headhunter и недостатокот на квалитетни луѓе на пазарот на труд за оваа позиција, потребна е обука која ќе може да одговори на барањата за кадар од страна на компаниите.

Модули за обука на Регрутер/ Headhunter:

Вовед во дигитални канали за пребарување на таленти – 9 часа, пребарување и таргетирање кандидати на социјалните медиуми – 12 часа, комуникација и контактирање на пасивни кандидати – 12 часа, брендинг на компанијата и личен брендинг – 20 часа, интервјуа и тестирања – 24 часа, понуда за работа и фидбек – 12 часа, интеграција на новиот вработен (Онбординг) – 20 часа.

1 Согласно Закон за приватно обезбедување



Позицијата Регрутер/Headhunter е најчесто дел од одделот за човечки ресурси во една компанија. Можат да бидат вработени во компанија како Inhouse recruiter и да работат за потребите на таа компанија.

## НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ и спроведувачи на обуки

## ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Спроведувачите на обука ќе добијат надоместок во висина на целосен износ од проценетата пазарна цена за горенаведените видови на обуки

## КОРИСНИЦИ

Невработени лица од евиденција на АВРСМ

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За спроведувачи на обука:**

Постапка за доделување на договор за јавна набавка

**За невработени лица:**

Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност

## КРИТЕРИУМИ

**За спроведувачите на обука:**

- Да ги исполнуваат критериумите дефинирани во тендерската документација

**За невработени лица:**

- Исполнети квалификации за следење на обуката

## КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица кои нема да се вработат ќе имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

## ОБВРСКИ

**За невработени лица:**

- Редовна посета на обуката;
- Лицето кое ќе престане да ја посетува обуката од неоправдан причини се брише од евиденција на невработени во рок од една година;
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот;
- Полагање на испит за добивање уверение ца стекнато знаење. Во случај лицето да не го положи испитот има право повторно да го полага на сопствен трошок.

**За спроведувачите на обука:**

- Да направи претходна проверка на нивото на знаење на кандидатите со цел вклучување во обуката;
- Да направи селекција на кандидатите пред започнување на обуката врз основа на критериуми утврдени во оперативните упатства и јавниот повик;
- Да ја спроведе обуката ( online или со физичко присуство) со предавач кој поседува соодветен документ ( уверение, диплома, сертификат и сл);
- Да издаде уверение за редовно посетувана обука и сертификат за успешно положен испит.

**РЕАЛИЗАЦИЈА**

- Постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Селекција на спроведувачи на обука;
- Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица - врз основа на профилирање и ИПВ;
- Проверка на нивото на знаење на кандидатите со цел вклучување во обуката;
- Обука на невработени лица во Скопскиот и во другите плански региони на Република Северна Македонија, во период од максимум 4 (четири) месеци од денот на формирање на конечните ранг листи, во групи од минимум 10 (десет) слушатели по програмски пакет, односно online во зависност од пројавениот интерес на таргетираната категорија на евидентирани невработени лица за учество во мерката ;
- Издавање на  уверение за редовно посетувана обука (70% од часовите);
- Полагање испит(и) за добивање на уверение во соодветната област;
- Издавање на сертификат за успешно положен испит(и);
- Мониторинг.



#ШансаЗаСите



## 4. ОБУКИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ

**ЦЕЛ НА МЕРКАТА**

Мерката има за цел да се надградат вештините на невработените  лица на возраст до 40 години во областа на информациските технологии заради зголемување на нивната конкурентност и побрза интеграција на пазарот на трудот.

**ЦЕЛНА ГРУПА**

Невработени лица до 40 години, евидентирани во АВРСМ со минимум завршено средно образование

**ОПФАТ НА МЕРКАТА**

**735** невработени лица евидентирани во АВРСМ

**ОПИС НА МЕРКАТА**

Обуките за напредни вештини од областа на информациските технологии  ќе се спроведуваат за следниве модуларни програмски пакети:

**1. "IT Security Specialist" (70 лица)**

Улогата на специјалист за информациска безбедност во ерата на брз технолошки развој е клучна во обезбедувањето на доверливост, интегритет и достапност на дигиталните средства. Нивната експертиза во областа на сајбер безбедноста, управувањето со ризикот, усогласеноста, одговорот на инцидентот и постојаното ажурирање со заканите кои се развиваат е од суштинско значење за организациите кои се движат низ комплексниот и еволуирачки пејзаж на сајбер-безбедност.

За формирање на успешен професионалец во областа информациската безбедност, потребно е индивидуата да помине низ група на подготвителни обуки PECB- Cybersecurity Management Foundation; PECB- Ethical Hacking; CEH: Certified Ethical Hacker.

За да се биде Security Specialist потребно е да се посети обуката обуки PECB- Cybersecurity Management Foundation (16 часа); PECB- Ethical Hacking (40 часа); CEH: Certified Ethical Hacker (40 часа) како и обука за планирање и развој на кариера (9 часа), работа на реален проект и полагање на официјален Certified Ethical Hacker испит за добивање на сертификатот Certified Ethical Hacker v.12 (CEH).

**Работни позиции:** специјалист за ИТ безбедност

**Индустрии:** Сите индустрии односно Телеком, ИТ, Банкарски, Производство, Фармација, државни институции

**2. "Microsoft Cloud Administrator" (35 лица)**

Улогата на Microsoft Cloud Administrator е клучна, особено во управувањето, обезбедувањето и оптимизирањето на инфраструктурите базирани на cloud услугите на Microsoft. Имено, Microsoft Cloud Administrators ги надгледуваат и управуваат cloud инфраструктурите користејќи Microsoft Azure. Тие создаваат, конфигурираат и одржуваат cloud ресурси како што се виртуелни машини, простор за складирање, бази на податоци, мрежни компоненти и други услуги на Azure. Microsoft Cloud Administrators се фокусираат на спроведување на силни безбедносни мерки во средини на Azure. Тие ги конфигурираат безбедносните политики, контролите на пристап, шифрирањето и стандардите за усогласеност за да обезбедат безбедност на податоците и усогласеност со регулативата. Постојано ги оптимизираат услугите на Azure за да обезбедат економичност и подобри перформанси. Тие ја анализираат искористеноста на ресурсите, виртуелните машини со вистинска големина, имплементираат автоматско скалирање и користат алатки за управување со трошоците за оптимизирање на трошењето и перформансите. Тие ги следат околините на Azure за перформанси, достапност и потенцијални проблеми користејќи Azure Monitor и други алатки за следење. Администраторите ги решаваат проблемите и ги решаваат проблемите веднаш за да го одржат времето на работа на систе-

мот. Microsoft Cloud Administrators користат алатки за автоматизација како Azure Automation, PowerShell или Azure DevOps за обезбедување инфраструктура, управување со конфигурации и автоматизација на распоредување, прифаќајќи ги практиките на DevOps за ефикасни операции. Тие обезбедуваат средините на Azure да се придржуваат до стандардите за усогласеност со регулативата и најдобрите практики во индустријата и да спроведуваат ревизии за да одржуваат безбедна и усогласена cloud околина.

За да се биде Microsoft Cloud Admin, треба да се посетуваат обуките AZ800 - Administering Windows Server Hybrid Core Infrastructure (32 часа), AZ801 - Configuring Windows Server Hybrid Advanced Services (32 часа), AZ-104: Microsoft Azure Administrator (32 часа), работа на реален пакет (18 часа), планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) и да се положи официјален испит AZ-104: Microsoft Azure Administrator.

### 3. "Microsoft Data&AI Analyst" (70 лица)

Улогата на Microsoft Data&AI аналитичар е интегрална, фокусирајќи се на искористување на податоците и вештачката интелигенција за да се извлечат информации важни за функционирање на компанијата, да се донесуваат информирани одлуки и да се поттикнат иновациите. Имено, аналитичарите на податоци и вештачка интелигенција собираат, чистат и анализираат големи количини на податоци користејќи различни алатки и техники. Тие извлекуваат значајни увиди, идентификуваат обрасци и интерпретираат податоци за да извлечат препораки за деловните активности. Аналитичарите применуваат алгоритми за машинско учење, предвидливо моделирање и техники за вештачка интелигенција за да ги анализираат трендовите на податоците, да ги предвидат резултатите и да ги автоматизираат процесите на донесување одлуки. Тие работат на имплементација на решенија за вештачка интелигенција кои ја зголемуваат ефикасноста, точноста и иновативноста во организациите. Дизајнираат, развиваат и оптимизираат модели за машинско учење, невронски мрежи и алгоритми кои решаваат сложени деловни проблеми, ги подобруваат процесите и создаваат иновативни решенија користејќи технологии за вештачка интелигенција.

За да се биде Data Analyst потребно е да се посетат курсевите DP-080: Querying Data with Microsoft Transact-SQL (24 часа), DP-900: Microsoft Azure Data Fundamentals (8 часа), PL-300: Analyzing Data with Power BI (32 часа), Analyzing Data with Python (24 часа), Работа на реален проект (18 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) планирање и развој на кариера (9 часа) и да се полага официјален испит Microsoft Certified: Data Analyst Associate (Exam PL-300) со цел стекнување со титула Data Analyst Associate (PL-300).

**Работни позиции**: аналитичар на податоци, machine learning специјалист,

**Индустрии:** Оваа професија наоѓа примена во сите типови на компании односно како пример: Телеком, Банки, ИТ компании, Државен сектор, Медицина, Образование.

### 4. "AWS Operations Specialist" (40 лица)

Улогата на AWS Operation Specialist е фундаментална во дизајнирањето, имплементирањето и надгледувањето на cloud решенијата кои ги користат веб-услугите на Amazon (AWS). Имено, AWS Operation Specialist дизајнираат и управуваат со скалабилни, економични и сигурни архитектури на cloud користејќи AWS услуги. Тие создаваат и работат на архитектонски решенија кои се усогласуваат со деловните цели додека користат AWS инфраструктура, пресметување, складирање, база на податоци и мрежни услуги. Cloud Architects ги оптимизираат услугите и ресурсите на AWS за да ги максимизираат перформансите и да ги минимизираат трошоците. AWS Operation Specialists помагаат при мигрирање на внатрешната инфраструктура во AWS cloud средини или дизајнирање хибридни cloud решенија кои беспрекорно ги интегрираат системите во просториите со услугите AWS, обезбедувајќи непречена интероперабилност. Тие дизајнираат архитектури со висока достапност и толеранција на грешки користејќи AWS услуги како Еластичко балансирање на оптоварување (ELB), автоматско регулирање и поставки во повеќе региони за да обезбедат еластичност и континуитет на работењето. Во таа насока потребно е да се посетат обуките AWS Cloud Practicioner (8 часа); Architecting on AWS (24 часа) ; Cloud Operations on AWS (24 часа); планирање и развој на кариера (9 часа), како и работа на реален проект (18 часа), а воедно и полагање на официјален испит AWS Certified Solutions Architect – Associate (SAA-C02).

**Работни позиции:** AWS администратор, solutions architect, оператор со системи

**Индустрии:** ИТ компании, Банки, Телекоми, големи производствени компании, осигурителни компании.

### 5. "AI Specialist" (40 лица)

Специјалистите за вештачка интелигенција дизајнираат, развиваат и имплементираат решенија управувани од вештачка интелигенција, користејќи машинско учење, длабоко учење, обработка на природен јазик (NLP) и други техники за вештачка интелигенција. Тие создаваат алгоритми, модели и рамки кои им овозможуваат на машините да симулираат човечка интелигенција, да решаваат сложени проблеми и да ги автоматизираат задачите. Тие применуваат технологии на вештачка интелигенција во различни домени како што се здравството, финансиите, маркетингот, производството, автомобилската индустрија, како и многу повеќе. Специјалистите за вештачка интелигенција ги прилагодуваат методологиите за вештачка интелигенција за да се справат со специфичните предизвици во индустријата, оптимизирајќи ги процесите и поттикнувајќи ги иновациите. Специјалистите за вештачка интелигенција работат интензивно со податоци, вршат анализа на податоци, чистење и нивна преработка. Тие избираат соодветни алгоритми, ги прилагодуваат хиперпараметрите и ги оптимизираат моделите за да постигнат точни предвидувања или класификации.

За да се биде AI Specialist, треба да се посетуваат официјални обуки за Python for AI (42 часа), Mathematical foundation for AI and Machine Leaarning (4 часа), Artificial Intelligence and Machine Learning fundamentals (32 часа), Applied Deep learning with PyTorch (16 часа), работа на реален проект (18 часа), планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) и да се полага официјален испит IT specialist for Artificial Inteligence.

**Работни позиции:** ML дизајнер, научник за податоци, истражувачки научник, научник за апликирање AI решенија во пракса, AI програмер, пишувач на маркетинг содржини, аватар аниматор, UI/UX дизајнер, аналитичар на робо-процеси, менаџер на дигитално образование, когнитивен креатор на содржини, евангелист за податоци, специјалист за интеграција на податоци, AI истражувач, научник за роботика, инженер за податоци, BI аналитичар на податоци, BI програмер,

**Индустрија:** Медицина, Финансии, Продажба, Автомобилска индустрија, Едукација, Маркетинг, Човечки ресурси.

### 6. "Oracle Java Developer" (60 лица)

Во ерата на брзиот технолошки развој, програмерите во Oracle Java играат витална улога во развојот и одржувањето на апликации. Нивната експертиза се протега во различни домени и нивната работа има суштинско влијание во развојот на безбедни, скалабилни и софтверски решенија со високи перформанси. Улогата на Oracle Java developer во дигиталната ера која брзо се менува е клучна, бидејќи Java останува истакнат и широко користен програмски јазик, особено во апликациите на ниво на претпријатие. Програмерите во Oracle Java придонесуваат за развој на робусни, скалабилни и безбедни софтверски решенија.

Улогата на Oracle Java Developer вклучува анализа на потребите на корисниците и деловните цели, одредување на карактеристиките и функционалноста на програмата и препорачување промени во системите базирани на Java. Нивните секојдневни обврски вклучуваат дизајнирање, развој и имплементација на софтверски апликации базирани на Java, пишување чисти и ефикасни кодови, тестирање и распоредување програми, соработка со други членови на тимот и одржување и подобрување на постоечките системи.

За да се биде Java Developer потребно е да се посетат обуките Java SE11: Programming (80 часа) и работа на реален проект (24 часа) и обука за планирање и развој на кариера (9 часа) како и полагање на официјален Oracle испит за стекнување на официјален сертификат Oracle Certified Professional, Java SE11 Developer (1ZO-819).

**Работни позиции:** Јава програмер, веб девелопер

**Индустрии**: ИТ компании, Банки, Телекоми, производствени компании, државен сектор, фармација

### 7. "ISTQB Software tester and Test Analyst" (70 лица)

Улогата на софтвер тестер останува круцијална во обезбедувањето на квалитетот, доверливоста и функционалноста на софтверските апликации. Имено, софтвер тестерите се одговорни за

тестирање на софтверски апликации, системи или производи за да се идентификуваат дефекти, грешки и недоследности. Тие вршат различни типови на тестирање, како што се функционално тестирање, регресивно тестирање, тестирање на перформансите и тестирање за прифаќање од корисниците за да се осигураат дека софтверот ги исполнува стандардите за квалитет. Во Agile и DevOps средини, тестерите тесно соработуваат со програмерите, работејќи во повторувања за да спроведуваат континуирано тестирање, осигурувајќи дека секоја фаза од развојот резултира со висококвалитетни испораки и брзо распоредување. Тестерите користат автоматизирани алатки и рамки за тестирање за да ги насочат и забрзаат процесите на тестирање. Тие создаваат автоматизирани тест скрипти, вршат регресивно тестирање и користат алатки за континуирана интеграција за ефикасни работни текови за тестирање. Тестерите ја проценуваат компатибилноста на софтверот на различни уреди, пребарувачи и оперативни системи за да обезбедат постојано и корисничко искуство за крајните корисници. Тие ги тестираат корисничките интерфејси, корисничките текови и целокупната употребливост за да го подобрат корисничкото искуство.

За да се биде ISTQB Test Analyst потребно е да се посетат обуките: ISTQB Software Testing Foundation (24 часа), ISTQB Agile Tester (16 часа) како и ISTQB Advanced - Test Analyst (24 часа), Scrum Master Certified (20 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) работа на реален проект (18 часа) и обука за планирање и развој на кариера (9 часа) како и полагање на официјален испит ISTQB Certified Tester – Foundation level (CTFL_Cyll2018) за стекнување со титула ISTQB Certified Tester – Foundation Level (CTFL_Syll2018).

**Работни позиции:** софтвер тестер, quality assurance,

**Индустрии:** Сите индустрии во кои се користи било каков вид на софтвер односно ИТ компании, Банки, Телекоми, Државен сектор, фармација, Производствени компании.

### 8. “Python Developer” (50 лица)

Python се користи во различни сценарија за програмирање, од игри до веб апликации. Компаниите го користат Python со цел да ги поместат границите на новите технологии, како што се Data Science, Data Analytics, Вештачка Интелигенција, Natural Language Processing. Улогата на Python developer во ерата на брзиот технолошки развој, станува се позначителна. Python стана еден од најпопуларните програмски јазици, познат по својата едноставност, разновидност и читливост. Програмерите во Python придонесуваат во различни аспекти на дигиталниот свет и нивната улога е од витално значење. Програмерите на Python стануваат суштински членови во тимовите кои придонесуваат во различни аспекти од развојот и креирањето на одреден софтвер. Нивната разновидност им овозможува да работат во различни домени, од развој на веб до наука за податоци, креирање на апликации и пошироко.

За да се влезе во светот на Python програмирањето и да се биде Python Developer, потребно е да се поминат обуките од основно (30 часа) и напредно ниво (30 часа), работа на реален проект (18 часа), Scrum Master (20 часа), обука за планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) како и да се полага официјален испит Certified Entry – Level Phyton Programmer Certification (PCEP) за да се стекнат со титулата Certified Entry-Level Python Programmer.

**Работни позиции:** python програмер, програмер за вештачка интелигенција, програмер за машинско учење.

**Индустрија:** Осигурување, Воздухопловство, Финансии, Хардвер, Здравство, Консултантски услуги, ИТ индустрија, Софтвер.

### 9. “Motion Graphic Designer” (50 лица)

Улогата на Motion Graphic Designer станува сѐ повеќе витална во различни индустрии, особено во дигиталните медиуми, рекламирањето и маркетингот. Имено, Motion Graphic Designers создаваат привлечни визуелни креативи со комбинирање на графички дизајн, анимација и мултимедијални елементи. Тие создаваат приказни, пораки и информации кои пренесуваат сложени идеи во лесно разбирлив формат. Со брзиот напредок во софтверот и технологијата за анимација, Motion графичките дизајнери мора да останат во чекор со најновите алатки и техники. Тие користат софтвер како Adobe After Effects, Cinema 4D и други платформи за анимација за да создадат визуелно атрактивни и иновативни графики за движење. Движечката графика се користи во различни дигитални платформи, вебсајтови, мобилни апликации и социјални медиуми за да го привлече вниманието на публиката. Motion Graphic Designers играат клучна улога во подобрувањето на корисничкиот ангажман и искуство преку создавање визуелно привлечна и интерактивна содржина. Во маркетингот и рекламирањето, Motion Graphic Designers придонесуваат за идентитетот на брендот преку анимирани логоа, анимации на производи, видеа со објаснување и промотивна содржина. Тие ефикасно ги комуницираат пораките и вредностите на брендот користејќи динамични визуелни елементи што резонираат со целната публика. Тие трансформираат сложени податоци и информации во визуелно разбирливи анимации. Создаваат инфографици, визуелизации на податоци и анимирани графикони кои ги прават статистичките информации попривлечни и разбирливи.

За да се биде Motion Graphic Designer, се поминуваат официјалните обуки Adobe Photoshop (30 часа), Adobe Illustrator (30 часа), AfterEffect (30 часа), работа на реален проект (18 часа), обука за планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) како и да се полагаат официјалните испитите Adobe Certified Professional in Visual Effects & Motion Graphics Using Adobe After Effects.

**Работни позиции:** Специјалист за движечка графика

**Индустрија:** Филмска, музичка, видео индустрија

### 10. “Autodesk 3D Artist “(50 лица)

3Д-артист е одговорен за дизајнирање различни видови на модели и околини со користење на различни софтверски апликации и компјутерски алатки за претставување на висококвалитетна дигитална содржина што ќе им помогне на тимот и на клиентите да го визуелизираат објектот, предметот или карактерот. 3Д-артистите тесно соработуваат со дизајнерскиот тим за да ги проценат идеите и да го идентификуваат неговиот опсег на изводливост на подобрен дигитален приказ, давајќи им можност да ги приспособат и ревидираат структурите по потреба.

За да се биде Autodesk 3D Artist, потребни се официјалните обуки Вовед во BIM (9 часа), Autodesk Revit (60 часа), Autodesk Revit Advanced (40 часа) и Autodesk Navisworks (9 часа), работа на реален проект (18 часа), обука за планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) како и да се положи официјалниот испит Autodesk Certified User Revit.

**Работни позиции:** 3D Артист

**Индустрија:** Архитектура, Градежништво, Филмска, Гејминг, Креативна индустрија

### 11. “Net&Azure Developer” (40 лица)

Улогата на .NET & Azure Developer е клучна, особено во користењето на технологиите на Microsoft за да се изградат скалабилни, безбедни и иновативни решенија. Имено, .NET&Azure developers ја користат рамката на Microsoft .NET за да создадат робусни апликации со високи перформанси. Тие користат програмски јазици како C#, F# и VB.NET за развој на веб-апликации, десктоп апликации и решенија на ниво на претпријатие. Тие дизајнираат и имплементираат решенија кои се скалабилни и флексибилни за справување со различни оптоварувања и обезбедуваат висока достапност. Тие ги користат карактеристиките за приспособливост на Azure и неговата архитектура за да изградат апликации што можат да одговорат на сите технолошки предизвици. Тие дизајнираат RESTful API и користат Azure API Management за создавање и управување со API, овозможувајќи беспрекорна комуникација помеѓу различни услуги. Ги прифаќаат практиките на DevOps, користејќи алатки како Azure DevOps и Azure Pipelines за континуирана интеграција и распоредување (CI/CD). Тие ги автоматизираат работните текови, спроведуваат автоматско тестирање и обезбедуваат непречени процеси за испорака на софтвер.

Со цел стекнување на високо ниво на спремност во .NET корисниците е потребно да ги поминат следните обуки 55320 Programming with HTML, CSS, and JavaScript (40 часа), 55339 Programming in C# (40 часа), 55340 Developing ASP.NET Core Web Applications (40 часа) и AZ-204: Developing Solutions for Microsoft Azure (40 часа), работа на реален проект (18 часа), обука за планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа) како и полагање на официјален испит - Exam AZ-204: Developing Solutions for Microsoft Azure. Со оваа сертификација ќе се стекнат со титулата Microsoft Certified: Azure Developer associate.

Работни позиции: .NET developer, Azure Developer, софтвер девелопер, веб девелопер

Индустрија: ИТ компании, компании за развој на софтверски решенија, Телекоми, Банки, големи производствени компании

### 12. "Network Specialist" (50 лица)

Улогата на мрежен специјалист останува круцијална во управувањето, обезбедувањето и оптимизирањето на мрежните инфраструктури за поддршка на растечките барања на модерната технологија. Имено, мрежните специјалисти дизајнираат, поставуваат и управуваат со сложени мрежи, вклучувајќи LAN (локални мрежи), WAN (мрежи со широка површина), безжични мрежи и мрежи базирани на cloud. Тие обезбедуваат овие мрежи да ги задоволат барањата на организацијата за поврзување, перформанси и приспособливост. Специјалистите се фокусираат на спроведување на силни безбедносни мерки за заштита на мрежите од сајбер закани. Тие конфигурираат заштитни ѕидови, системи за откривање на упад (IDS), VPN (Виртуелни приватни мрежи) и други безбедносни протоколи за заштита на мрежната инфраструктура и податоци. Мрежните специјалисти ги следат перформансите на мрежата користејќи алатки како што се софтвери за следење на мрежата и аналитиката за да идентификуваат и да ги решат проблемите како што се тесните грла на пропусниот опсег, латентноста, загубата на пакети или регулирање на мрежниот сообраќај. Тие брзо ги решаваат проблемите со мрежата за да го минимизираат времето на прекин. Ги оптимизираат перформансите на мрежата преку управување со мрежниот сообраќај, анализирање на тековите на податоци и имплементирање на протоколи за квалитет на услугата (QoS) за да се даде приоритет на критичните апликации и да се обезбеди постојано корисничко искуство. Специјалистите инсталираат, конфигурираат и одржуваат мрежен хардвер како што се рутери, прекинувачи, заштитни ѕидови, точки за пристап и други мрежни уреди. Тие гарантираат дека овие уреди се ажурирани и оптимално функционираат.

Мрежниот специјалист треба да помине неколку обуки за да ги совлада најбараните вештини од оваа професија односно Implementing and Administering Cisco solutions (CCNA) (40 часа) и Implementing and Operating Cisco Enterprise Network Core Technologies (ENCOR) v1.2 (40 часа), работа на реален проект (18 часа) и обука за планирање и развој на кариера (9 часа), CertNexus Generative AI (8 часа), како и полагање на официјален испит – Implementing and Administering Cisco Solutions (CCNA – 200-301) за стекнување со сертификат – Implementing and Administering Cisco Solutions (CCNA – 200-301).

**Работна позиција:** мрежен администратор

**Индустрија:** Секакви типови на компанија – ИТ, банки, телекоми, производствени, државен сектор, фармација, образование.

### 13." JavaScript Essentials" (70 лица)

JavaScript Developer е професионалец одговорен за дизајнирање, имплементирање и одржување на веб-апликации и софтверски решенија користејќи JavaScript програмски јазици. Тие соработуваат со мултифункционални тимови, вклучително и Front End и Back End програмери, за да создадат интерактивни и ефикасни апликации коишто ќе користат на одредена целна група.

Во дигиталната ера која брзо се менува, улогата на JavaScript developer е клучна бидејќи JavaScript стана еден од најкористените програмски јазици. Нивната улога е опфатена и надвор од традиционалниот веб-развој, во доменот на развој на мобилни апликации, десктоп апликации и други системи. Континуираното учење и информираноста за најновите трендови и најдобри практики се клучни за успех на ова динамично поле. Програмерите во JavaScript можат да предвидат динамичен и еволутивен збир на можности со цел да придонесат за најсовремените технологии.

За да се стане JavaScript Developer е потребно да помине неколку обуки односно JavaScript Essentials (60 Часа), Scrum Developer (16 Часа), Работа на реален проект (18 часа) и обука за планирање и развој на кариера (9 часа) како и полагање на официјалниот испит JSA - Certified Associate JavaScript Programmer (JSA-41-0x) за да се добие сертификатот JavaScript Essentials Programmer.

**Работна позиција:** Web developer, mobile software developer, IOT developer, програмер за апликации, работа во компани за вештачка интелигенција

**Индустрија:** ИТ компании, Веб апликации, развој на мобилни апликации, развој на десктоп апликации, вештачка интелигенција.

### 14. "Web Designer" (40 лица)

Улогата на веб-дизајнер останува една од најважните за компаниите, која се развива за да се прилагоди на новите технологии, очекувањата на корисниците и дизајнерските трендови. Имено, Веб-дизајнерите создаваат вебсајтови кои дејствуваат во насока на обезбедување оптимални искуства за пристапување од различни уреди, вклучително и десктоп компјутери, таблети и мобилни телефони. Тие се фокусираат на корисничкиот дизајн и визуелниот облик, давајќи приоритет на принципите на корисничкото искуство (UX) и корисничкиот интерфејс (UI) за подобрување на употребливоста и пристапноста. Со еволуцијата на рамки за дизајн како Bootstrap, Material Design и CSS Grid, веб-дизајнерите ги користат овие рамки за да создадат визуелно привлечни и функционални вебсајтови со стандардизирани дизајнерски елементи, мрежи и одговорни распореди. Веб-дизајнерите инкорпорираат напредни UI елементи, анимации, микро-интеракции и интуитивна навигација за да создадат привлечни и интерактивни кориснички искуства кои ги воодушевуваат посетителите и го поттикнуваат ангажманот на корисниците. Во согласност со стандардите за пристапност, веб-дизајнерите гарантираат дека веб страните се инклузивни, кои се грижат за корисници со специфични барања и потреби. Тие интегрираат функции како алтернативен текст за слики, навигација со тастатура и соодност на контраст за да обезбедат усогласеност со упатствата за пристапност. Со оглед на зголемената употреба на мобилни уреди, веб-дизајнерите го прифаќаат пристапот на прво место на мобилните, давајќи им приоритет на дизајнот и функционалноста за помалите екрани, обезбедувајќи беспрекорно и оптимизирано искуство за мобилните корисници.

За да се стане веб дизајнер потребно е да се поминат неколку обуки односно HTML5&CSS (30 часа), JavaScript (30 часа), Figma (30 часа), Adobe Illustrator CC (18 часа), CertNexus Generative AI (8 часа), Работа на реален проект (18 часа), Планирање и развој на кариера (9 часа) како и да се положи испитот Adobe Certified Professional Illustrator.

**Работна позиција:** web designer, UX/UI designer, web front end developer, SEO specialistm Back end developer

**Индустрии:** Секакви типови на компанија – ИТ, банки, телекоми, производствени, државен сектор, фармација, образование

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

МТСП, АВРСМ, МИОА и лиценцирани спроведувачи на обуки

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Спроведувачите на обука** ќе добијат надоместок во висина на целосен износ од проценетата пазарна цена за горенаведените видови на обуки

### КОРИСНИЦИ

- Невработени лица од евиденција на АВРСМ

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За спроведувачи на обука:**

- Постапка за доделување на договор за јавна набавка

**За невработени лица:**

- Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност

### КРИТЕРИУМИ

**За спроведувачите на обука:**

- Да ги исполнуваат критериумите дефинирани во тендерската документација
- Да бидат лиценцирани спроведувачи на обуки

**За невработени лица:**

- Исполнети квалификации за следење на обуката

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица кои нема да се вработат ќе имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

### ОБВРСКИ

**За невработени лица:**

- Редовна посета на обуката;
- Лицето кое ќе престане да ја посетува обуката од неоправдан причини се брише од евиденција на невработени во рок од една година;
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот;
- Полагање на испит за акредитиран сертификат. Во случај лицето да не го положи испитот има право повторно да го полага на сопствен трошок.

**За спроведувачите на обука:**

- Да направи претходна проверка на нивото на знаење на кандидатите со цел вклучување во обуката;
- Да направи селекција на кандидатите пред започнување на обуката врз основа на критериуми утврдени во оперативните упатства и јавниот повик;
- Да ја спроведе обуката (online или со физичко присуство) со предавач кој поседува соодветен документ ( уверение, диплома, сертификат и сл.);
- Да издаде уверение за редовно посетувана обука и акредитиран сертификат за успешно положен испит.

### РЕАЛИЗАЦИЈА

- Постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Селекција на спроведувачи на обука;
- Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица - врз основа на профилирање и ИПВ;
- Проверка на нивото на знаење на кандидатите со цел вклучување во обуката;
- Обука на невработени лица во Скопскиот и во другите плански региони на Република Северна Македонија, во период од максимум 4 (четири) месеци од денот на формирање на конечните ранг листи, во групи од минимум 10 (десет) слушатели по програмски пакет, односно online во зависност од пројавениот интерес на таргетираната категорија на евидентирани невработени лица за учество во мерката ;
- Издавање на  уверение за редовно посетувана обука (70% од часовите);
- Полагање испит(и) за официјална акредитирана сертификација во соодветната област;
- Издавање на сертификат за успешно положен испит(и);
- Мониторинг.



## 5. ПРАКТИКАНТСТВО

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Стекнување практични работни знаења и вештини потребни за извршување работни задачи на одредени работни места

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени  лица до 29 години со минимум завршено средно образование

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**1300** невработени лица евидентирани во АВРСМ,

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ и МТСП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Лицата што ќе се вклучат во практикантство** ќе добијат месечен надоместок во висина од **11.000** денари месечно (со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход) за период до 3 месеци

### КОРИСНИЦИ

- Невработени  лица до 29 години со минимум завршено средно образование
- Работодавачи од приватен и од граѓански  сектор

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За работодавачи:**

- Јавен повик/Известување, Пријава за учество во мерката

**За невработени лица:**

- Јавен повик/ Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање , ИПВ и индивидуален план за активација, Пријава и Изјава за согласност.

### КРИТЕРИУМИ

**За работодавачи:**

- Да подготви план за оспособување на практикантот, со наведени работни задачи и активности;
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, најмалку 6 месеци пред аплицирањето, со исклучок на граѓанските организации и ангажирање на жени-Ромки како практиканти;
- Работодавачот треба да назначи ментор за практикантот што ќе го води и ќе го надгледува при извршувањето на предвидените задачи и работни активности, и
- Да ги имаат подмирено сите обврски врз основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување.

**За невработени лица:**

- Млади  до 29 години со минимум завршено средно образование.

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план

### ОБВРСКИ

**За невработени лица:**

- Редовно да се јавуваат на работното место;
- Во случај на спреченост, во рок од 24 часа да го извести работодавачот за причината поради која отсуствува и по доаѓањето да донесе документ за оправдување;
- Во случај да предизвика штета кај работодавачот за време на практичната работа, намерно или од тешка небрежност, должен е штетата да му ја надомести на работодавачот согласно одредбите од Законот за облигациони односи;
- Да го извести работодавачот за штетни последици за кои е запознаен дека може да настанат за него, за трети лица или за работодавачот;
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните упатства и договорот.

**За работодавачи:**

- Да подготви план и програма за оспособување на практикантот, со наведени работни задачи и активности;
- Работодавачот треба да назначи ментор за практикантот, што ќе го води и надгледува при извршувањето на предвидените задачи и работни активности;
- Да доставува месечен извештај за редовност на практикантот до ЦВ;
- Да издаде потврда за завршена практикантска работа;
- Да обезбеди средства за заштита при работа, доколку за работното место на кое се врши практикантската работа е пропишано да се користат;
- Да обезбеди тајност на личните податоци и заштита на приватноста на практикантот.

### РЕАЛИЗАЦИЈА

- Пријава за учество на работодавачи;
- Селекција на работодавачи;
- Објавување јавен повик/известување за невработени лица;
- Селекција на невработенилица;
- Реализација на практикантската работа во времетраење до 3 месеци и
- Мониторинг.



## 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ

ПРОГРАМАТА ОБЕЗБЕДУВА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ НА ПОТЕШКО ВРАБОТЛИВИ ЛИЦА ЗАРАДИ СТЕКНУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ВЕШТИНИ И НИВНО ПОСТЕПЕНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПАЗАР НА ТРУД, ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПРОЕКТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО.

## 6. ЈАВНИ РАБОТИ

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животната средина на локално ниво

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**600** невработени лица  евидентирани во АВРСМ

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ, МТСП, единици на локална самоуправа и Град Скопје

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

800 денари по работно ангажирано лице - дневно со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход. Работното ангажирање може да биде реализирано во еден циклус годишно, во времетраење од 30  дена по 4 часа дневно.

### КОРИСНИЦИ

- Невработени лица од евиденција на АВРСМ со ниски квалификации,
- Единици на локалната самоуправа и Град Скопје

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За општините:**

Јавен повик,Пријава и Апликација во која е образложена програмата за изведување јавни работи

**За невѝработени лица:**

Известување и пребарување од евиденција на невработени лица на АВРСМ, Изјава за согласност

### КРИТЕРИУМИ

Селектирана програма за извршување јавни работи од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво.

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други мерки и програми од Оперативниот план.

### ОБВРСКИ

**За општината:**

- Список за редовност на ангажираните лица;

- Исплата на месечен надоместок на ангажираните лица;
- Доказ за извршена исплата на надоместок на ангажираните лица;
- Кофинансирање на општините во износ од најмалку 20% од дневниот надоместок.

**За невработени лица:**

- За времетраење на јавните работи кандидатот е должен: да биде редовен и да ги извршува доделените работни задачи; во случај на спреченост за присуство на работното место, во рок од 24 часа да го извести работодавачот за причината поради која отсуствува и да донесе документ за оправдување; да биде дисциплиниран и да го почитува пропишаниот ред и го чува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали; во случај да направи штета кај изведувачот на работите за време на изведувањето на јавните работи, а поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести.
- Редовно да се јавуваат на работното место и Центарот за вработување.

**Реализација**

- Апликација од општината и/или Град Скопје
- Селекција на доставните предлог-програми
- Селекција на невработени лица
- Работно ангажирање на невработените лица
- Доставување извештај/извештаи за редовност на ангажираните лица
- Исплата на надоместок
- Мониторинг





#ШансаЗаСите



## 7. ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА

ПРОГРАМАТА ОБЕЗБЕДУВА ВКЛУЧУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗАРАДИ СТЕКНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ГРИЖА ВО ЗАЕДНИЦАТАИ МОЖНОСТ ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ КАКО ФОРМАЛНИ ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА ЗА ГРИЖА, СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО. СО ОВАА ПРОГРАМА ЌЕ СЕ ПОДДРЖИ ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА КАЈ ПРАВНИ СУБЈЕКТИ РЕГИСТРИРАНИ КАКО СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ.

### 7.1 ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА

**ЦЕЛ НА МЕРКАТА**

Зголемување на вработливоста преку работно ангажирање на невработени лица, насочени кон обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво

**ЦЕЛНА ГРУПА**

Невработени лица од евиденцијата на АВРСМ

**ОПФАТ НА МЕРКАТА**

**500** невработени лица евидентирани во АВРСМ, од кои

**50** лица ќе се финансираат 100% од буџетите на општините и Град Скопје

**НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА**

АВРСМ,МТСП, МОН, УНДП, општините и Град Скопје

**ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА**

**13.750 денари (11.000 денари** финансирани преку буџетот на АВРСМ и 2.750 денари ко-финансирање од страна на општините и Град Скопје) по работно ангажирано лице месечно (со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест) во период од **6 до 9 месеци,** за ангажман од **20 работни часа неделно.**

**13.750 денари** по вклучено невработено лице во обука во времетраење од **3 месеци**. Невработените лица кои не поседуваат соодветен признат сертификат/уверение за стекнати вештини/компетенции како давател на потребната услуга од социјалната сфера, задолжително ќе бидат вклучени на обука спроведена од страна на верификуван спроведувач на обука. Спроведувачите на обука ќе добијат надоместок до 30.000 денари за лице по обука.

Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман.

За 450 невработени лица финансирани преку буџетот на АВРСМ, единиците на локална самоуправа обезбедуваат кофинансирање од најмалку 20% од месечниот надоместок за време на обуката и работниот ангажман. За останатиот број на невработени лица, месечниот надоместок за време на обуката и работниот ангажман ќе биде целосно (100%) покриен од буџетите на општините и Град Скопје (до 50 лица). Максимален број на ангажирани лица по општина финансирана од буџетот на АВРСМ е 20[1].

**КОРИСНИЦИ**

- Невработени лица од евиденција на АВРСМ
- Крајни корисници на услуги од социјалната и здравствената сфера
- Општини и Град Скопје

1 Може да се зголеми опфатот на невработени лица по единица на локална самоуправа (над 20 лица), доколку за дополнително ангажираните лица во одредена општина и Град Скопје, финансиите се целосно обезбедени од буџетот на општината односно Град Скопје.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За општините:**

- Јавен повик, Апликација поткрепена со меморандум(и) за соработка со НВО(и), со локални институции и други релевантни партнери

**За невработени лица:**

- Јавен повик на локално ниво/Известување, Пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност

**За крајните корисници:**

- Јавен повик, Пријава и Изјава за согласност

### КРИТЕРИУМИ

Апликација од општината со наведени:

а) социјални услуги во согласност потребите на локално ниво,

б) здравствени услуги во согласност со потребите на локално ниво

в) приоритетни целни групи на невработени лица од ранливите категории и

г) приоритетните целни групи на крајни корисници.

### КОМБИНАЦИЈА СО ДРУГИ МЕРКИ

По завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за учество во други програми и мерки од Оперативниот план.

### ОБВРСКИ

**За општината:**

- Месечни извештаи за напредокот на активностите на локално ниво
- Исплата на месечен надоместок на ангажираните лица
- Кофинансирање од општините и Град Скопје во износ од најмалку 20% од месечниот надоместок.

**За невработени лица:**

- Редовно да се јавуваат на работното место за кое се работно ангажирани и
- Редовно да се пријавуваат во Центарот за вработување каде што се евидентирани како невработени лица.

**Реализација**

- Јавен повик до општините
- Апликација од општината
- Селекција на доставените предлог-програми
- Објавување јавен повик на локално ниво и во центрите за вработување за невработени лица и крајни корисници
- Селекција на невработени лица и крајни корисници согласно претходно доставени и одобрени критериуми за селекција на невработените лица согласно оперативни упатства
- Обука и работно ангажирање на невработените лица
- Испорачување на услуги до крајните корисници
- Доставување извештаи за напредокот на активностите
- Исплата на месечен надоместок
- Мониторинг

## 7.2 ОБУКА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ НА ГРИЖА ВО ДОМОТ И ВО ЗАЕДНИЦАТА

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Поддршка на невработени лица за стекнување стручни квалификации и вештини за обезбедување на услуги на грижа во домот и заедницата и поддршка за нивно вработување во областа на економијата за грижа.

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица евидентирани во АВРСМ:

- невработени лица
- невработени млади лица до 29 години
- други невработени лица (родител/старател) неформални негуватели на лица со попреченост, долгорочно болни лица и стари лица[1]
- невработени лица со признат сертификат/уверение за стекнати вештини/компетенции за занимања од социјалната сфера

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**150** невработени лица евидентирани во АВРСМ[2]

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ, МТСП и УНДП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Спроведувачите на **обука** за стручни вештини и квалификации, ќе добијат надоместок во висина до **30.000** денари за лице на обука.

**Лица што ќе посетуваат обука** ќе добијат месечен надоместок во висина од **11.000 денари**, по лице со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраење на обуката од **3 месеци**.

**На работодавачот ќе се исплати плата во износ од 30.780 денари** месечно (бруто износ) по лице како субвенција на плата за лицата вработени кај работодавачот со претходно стекнати сертификати за давање на услугата. Субвенцијата на плата по вработено лице ќе се исплаќа во период од 10 месеци, обврската на раработодавачот ќе биде да ги задржи давателите на социјални услуги во работен однос во период од вкупно 13 месеци колку што трае испораката на услугата кон крајните корисници.

Работодавачот може да му исплати на работникот и повисока плата и месечен надомест за патни трошоци.

Еднократен износ до **3.500 денари** по краен корисник за работодавачот (давателот на услуга) за покривање на оперативните трошоци и трошоци за управување, кој може да биде исплатен за времетраење на испораката на услугата кон крајните корисници.

Поддршка преку надворешни стручни лица повремено ангажирани (социјален и медицински работник) за испорака на услугите за долготрајна грижа за болни лица, во износ од 309 денари по час по краен корисник, но не повеќе од 20% од вкупниот број на часови добиена основна услуга од негувател.

### КОРИСНИЦИ

1 Невработеното лице родител или старател кое е неформален неговател, може да се јави како испорачател на услуга само на лице од друго семејство.

2 Од 150 лица опфатени со стручни обуки, 100 лица ќе се вработат

**Невработени** лица од евиденција на АВРСМ.

**Здруженија на граѓани** и приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица (идни работодавачи)

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**За работодавачите:**

- Јавен повик, Пријава и Апликационен формулар во која е образложено за која од долунаведените услуги поднесува апликација:

а) Услуги за нега и грижа во заедницата - одмена на семејна грижа на деца и лица со попреченост или стари лица, и/или

б) Услуги за нега и грижа во домот, лица со попреченост, долгорочни болни лица зависни од негата и грижата од друго лице, односно социјално здраствени услуги со кои се обезбедува долготрајна грижа за болни лица ( како лица со Алцхајмерова болест, лица на кои им е потребна палијативна нега, лица со Мултиплекс склероза и други најтешки хронични болести кои за завршување на секојдневните активности се зависни од други лица.

**За невработени лица:**

- Јавен повик, пребарување од евиденција на невработени лица на АВРСМ, Пријава и Изјава за согласност

**За спроведувачи на обука[1]:**

- Од регистраторот на верификувани спроведувачи на ЦОВ и МОН.
- Од евиденцијата на МОН за средни стручни училишта со верификувана програма за обука.

## КРИТЕРИУМИ

**За невработени лица:**

Селекцијата на невработени лица од евиденцијата на АВРСМ од наведените целни групи ја врши работодавачот. Невработените лица кои веќе се имаат стекнато со сертификат за одреден тип на стручна обука имаат можност за учество во друг тип на обука

**За работодавачи:**

Пополнет Апликативен формулар со следните пропратни документи

- Решение од Централен регистар
- Годишна програма за работа и Статут
- Завршни финансиски извештаи од претходната година.

**За спроведувачи на обука:**

- Важечка верификација за реализација на обука и/или профил на занимање од потребната струка.

## ОБВРСКИ

**За работодавачот:**

- Работодавачот во соработка со Центарот за вработување врши селекција и избор на кандидати кои ќе се упатат на стручна обука;
- По завршувањето на обуката , работодавачот е обврзан во рок од 30 дена да се стекне со дозвола за давање на услугата. По добивање на дозволата, работодавачот е обврзан од невработените лица кои успешно ја завршиле обуката да вработи лица согласно податоците од финалната селекција за учество врз основа на изработен бизнис план за воспоставување на социјалниот сервис;Доколку настане престанок на обуката поради откажување на невработено лице, работодавачот во соработка со надлежниот Центар за вработување може да направи замена со друго лице од евиденцијата на АВРСМ во период до 1 месец од потпишување на договор;
- Работодавачот кој вработува невработено лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 12 месеци, сметано од денот на засновање на работниот однос. Доколку за лицето за кое е обезбедено финансиска поддршка му престане работниот однос по било кој основ, освен во случај на смрт, пензионирање или неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго евидентирано невработено лице кое претходно се стекнал со соодветен сертификат за завршена верификувана обука, во спротивно е должен да го врати износот на средствата сразмерно со преостанатото време до истекот на рокот.

**За невработени лица:**

За времетраење на обуката невработеното лице е должно:

- Редовно да се јавуваат во Центарот за вработување;
- Редовно да ја посетува обуката и да ги извршува доделените работни задачи. Во случај на спреченост за присуство на обуката, во рок од 24 часа да го извести спроведувачот на обука за причината поради која отсуствува и да донесе документ за оправдување. Во спротивно ќе биде исклучен од обуката;
- Да биде дисциплиниран и да го почитува пропишаниот ред и почитува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали. Во случај да направи штета за време на обуката поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести на спроведувачот.
- Правото на обука на кандидатот престанува ако кандидатот:
- Не присуствувал на 70% од обуката од оправдани причини (болест, вработување, основач или управител на правен субјект, отслужување на воен рок);
- Самоволно ја напушти обуката;
- Е исклучен поради неоправдано отсуство од обуката и направи штета поради несовесно однесување или крајно невнимание.
- Во случај на престанокот на обуката, кандидатот се брише од евиденција на невработени лица за период од една година, освен ако е исклучен од обуката поради оправдани причини;
- По завршување на обуката, кандидатот полага завршен испит пред Комисија и доколку не се јави/не присуствува на полагањето на завршниот испит, должен е да ги врати дотогаш исплатените средства и се брише од евиденција на невработени лица за период од една година и
- Кандидатот што ќе ја заврши обуката и му е понудено вработување, должен е да заснова работен однос кај работодавачот. Доколку одбие да заснова работен однос должен е да ги врати средствата во вкупен износ до 30.000 денари колку што изнесувал трошокот за негова обука, освен во случај на вработување кај друг работодавач.

**За спроведувачите на обука:**

- Верификувана програма за обука во период од 3 месеци;
- Доставува месечен извештај за присутност на лицата, извештај за резултатите од месечната реализација на обуките и доказ за исплатени средства на кандидатите;
- По завршување на обуката, доставува до УНДП и АВРСМ збирен извештај и евалуација на реализираната обука.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик и пријава за невработени лица за вклучување во стручни обуки /Јавен повик за работодавачи/здруженија на граѓани/приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица
- Доставување на Апликационен формулар со пропратни документи до УНДП

1 Целосната процедура на селекција на спроведувачи на обука ја врши УНДП

- Првична селекција на работодавачи/ здруженија на граѓани / приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица врз основа на доставен Апликационен формулар со пропратни документи
- Менторска/советодавна поддршка за работодавачи/здруженија на граѓани /приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица за управувањето и водењето на деловната активност за субјектот и советодавна експертска поддршка за мапирање на потребите од услуги на грижа во локалната заедница преку организирање на обуки
- Поддршка од консултанти за изработка на Бизнис план за воспоставување на социјален сервис
- Финална селекција на работодавачи за учество во мерката врз основа на оценетиот Бизнис план за воспоставување на социјалниот сервис
- Селекција на невработени лица за вклучување во обука
- Селекција на спроведувачи на обука
- Склучување на договор со работодавач, невработено лице и спроведувач на обука
- Стручна обука на невработени лица во времетраење од три месеци
- Стекнување на работодавачот со дозвола за давање на услугата
- Вработување на селектираните невработени лица кои се стекнале со соодветен сертификат, во рок од најмногу 30 дена од датумот на полагањето на завршен испит пред комисија
- Менторска/советодавна поддршка за работодавачи/здруженија на граѓани /приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица и вработените даватели на услуга од социјалната сфера во насока на стекнување на потребната лиценца за испорака на социјалните услуги во домот и заедницата
- Доставување на месечни извештаи од работодавачите
- Исплата на финансиски средства по основ поддршка од мерката
- Мониторинг





#ШансаЗаСите



## 8. ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ПРЕКУ ЗЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ

ПОДДРШКАТА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ПРЕКУ ЗЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ЌЕ ГО ПОТТИКНЕ СОЗДАВАЊЕТО НОВИ ВРАБОТУВАЊА И ВОЕДНО ЌЕ ГО КАТАЛИЗИРА ПРОЦЕСОТ НА ЗЕЛЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ, УСЛУГИ, ТЕХНОЛОГИИ ИЛИ ПРОЦЕСИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА.

Во контекст на оваа мерка, специфичните поими кои се однесуваат на зелената економија се дефинирани како што следи:

- Зелени инвестиции: се однесува на инвестициски активности кои се усогласени со еколошки прифатливи деловни практики и зачувување на природните ресурси. Зелените инвестиции опфаќаат инвестиции во една или повеќе од следните области: технологии/процеси кои овозможуваат создавање на зелени производи и/или услуги; технологии/процеси кои ги намалуваат или елиминираат штетните влијанија врз околината; енергетска ефикасност на објектите; и воведување обновливи извори на енергија.
- Зелено работно место: Работно место кое придонесува кон запазување или обновување на животната средина како во традиционалните дејности како што се преработувачката индустрија или градежништвото, така и во новите зелени дејности како што се дејноста обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност1 (во градежништво, индустриска енергетска ефикасност или транспорт и инфраструктурни проекти).
- Зелени производи и услуги се оние производи и услуги кои немаат негативно влијание или имаат намалено негативно влијание на животната средина и помагаат таа да се зачува. Дополнителна карактеристика на зелените производи е што тие можат да бидат рециклирани. Комисијата на Европската Унија ги дефинира зелените производи како производи кои користат помалку ресурси, имаат помало влијание и ризици за животната средина и превенираат создавање на отпад веќе во фазата на концепција.
- Зелен процес се однесува на специфични активности кои овозможуваат намалување на влијанието врз животната средина за сите процеси кои се одвиваат во создавањето и испораката на производот или услугата.

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Со мерката се обезбедува финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија со цел да се придонесе кон намалување на невработеноста во земјата преку поттикнување на создавањето на нови работни места и на процесот на зелена трансформација на приватниот сектор преку воведување на зелени производи, услуги, технологии или процеси во претпријатијата.

### ЦЕЛНА ГРУПА

Невработени лица од евиденција на АВРСМ

- Микро, мали, средни претпријатија (МСП) [2]

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

- 158 невработени лица евидентирани во АВРСМ
- До 158 микро, мали и средни претпријатија

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ, МТСП, и УНДП

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Финансиската поддршка за нови вработувања од минимум 250.000 денари до максимум 750.000 денари во зависност од бројот на одобрени вработувања:

---

1 Меѓународна организација на трудот ILO

2 Со исклучок на: Производство на оружје и муниција; Дејности поврзани со производство и трговија на големо со тутун и тутунски производи и Дејности на коцкање и обложување.

- Минимум 1 вработување за минималниот износ на грант од 250.000 денари;
- Минимум 2 вработувања за износ на грант од 500.000 денари;
- Минимум 3 вработувања за износ на грант од 750.000 денари.

Поддршката се доделува во вид на грант - неповратни средства наменети за финансирање на нови деловни инвестиции насочени кон транзиција кон зелена економија при што ќе бидат поддржани следните видови на вложувања: набавка на нова опрема (машини, алати, опрема за обновливи извори на енергија, специјализиран софтвер, лиценци за користење на софтвер, и слични основни средства), и опрема и материјали за енергетска ефикасност. Набавката на материјали ќе биде поддржана исклучиво доколку материјалите се наменети за енергетска ефикасност.

Претпријатието има можност да додаде сопствени средства кон доделената финансиска поддршка за набавка со повисока вредност.

### КОРИСНИЦИ

- Невработени лица евидентирани во АВРСМ - активни баратели на работа
- Микро, мали и средни претпријатија кои се подготвени да го поттикнат својот деловен развој преку создавање на нови работни места и зелени инвестиции.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

- Јавен повик/Известување
- Пријава со пополнета апликација

### КРИТЕРИУМИ

Учеството во програмата и селекцијата на претпријатија ќе се врши во согласност со следните критериуми:

- Претпријатија од приватниот сектор кои се подготвени да го поттикнат својот деловен развој преку создавање на нови работни места и зелени инвестиции. Приоритет ќе имаат претпријатијата со примарна дејност1 во следните сектори:
    - Преработувачка индустрија
    - Земјоделство, шумарство и водостопанство
    - Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината
    - Градежништво
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време.
- Вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализација на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број вработени лица2 на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос (поради отказ од работникот), остварување на право на пензија, смрт или неспособност за работа.
- Бројот на ново вработени лица не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година. Работодавач што има едно вработено лице во моментот на аплицирање чиј просечен број на вработени во предходната година е 0 и кај правните субјекти регистрирани по 01.07.2023 година, максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице.
- Лицата на кои работниот однос (на определено или неопределено време) им престанал една година пред вработување во активната мерка, нема да бидат поддржувани со повторни вработувања кај истиот работодавач.

1 Согласно Национална класификација на дејности https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi
2 Терминот „просечен број на вработени" се однесува само на потребите на имплементацијата на активните програми/мерки за вработување

- Ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Да нема финансиска загуба во претходната година 3;
- Предност ќе имаат работодавачи кои досега немаат добиено финансиска подршка во рамките на оваа мерка.
- Работодавачот не може да користи два пати финансиска поддршка за вработување на исто лице без разлика на која мерка се однесува. Имаат потреба и се подготвени да реализираат зелена инвестиција

### ОБВРСКИ

- Работодавачот е должен да реализира одреден број на нови вработувања со полно работно време во зависност од износот на одобрениот грант односно:
    - Минимум 1 вработување за минималниот износ на грант од 250.000 денари;
    - Минимум 2 вработувања за износ на грант од 500.000 денари;
    - Минимум 3 вработувања за износ на грант од 750.000 денари.
- Работодавачот е должен да ги реализира планираните набавки во рок од 3 (три) месеци по потпишувањето на договорот за доделување на грант.
- Работодавачот кој вработува невработено лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 12 месеци сметано од денот на засновање на работниот однос. Доколку на лицето за кое е обезбедено финансиска поддршка му престане работниот однос по било кој основ, освен во случај на смрт или неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго евидентирано невработено лице, во спротивно е должен да го врати износот на средствата обезбедени во вид на финансиска поддршка во паричен износ сразмерно со преостанатото времетраење на вработувањето до истекот на утврдениот период.
- Работодавачот е должен во текот на целиот период на предвидената обврска да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање вклучително и бројот на лица вработени со финансиска поддршка) освен во случај на смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 30 дена да вработи друго невработено лице - со цел надополнување на бројот, во спротивно е должен да го врати износот на средствата обезбедени во вид на финансиска поддршка во паричен износ сразмерно со преостанатото времетраење на вработувањето до истекот на утврдениот период.
- Правата и обврските се опишани и регулирани во Оперативните Упатства и договорот[4]

### РЕАЛИЗАЦИЈА

- Јавен повик - Поднесување на пополнета апликација
- Селекција
- Потпишување на Договор со АВРСМ
- Вработување
- Потпишување на Договор со УНДП
- Исплата на одобрените парични средства за набавка на нова опрема и опрема и материјали за енергетска ефикасност.
- Набавка на нова опрема и/или материјали.
- Мониторинг

3 Овој критериум не се применува за правните субјекти кои се регистрирани по 01.07.2023 година
4 Договорот се склучува со правното лице и со управителот/одговорното лице – со цел преземање на одговорност за неисплатени обврски во случај на престанок на правниот субјект.

## 9. ИСПЛАТА НА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК

### ЦЕЛ НА МЕРКАТА

Поттикнување на вработување на младите лица до 23 години за вработување во дејностите на производството по завршување на средното образование, со што ќе се допринесе до подобрување на нивниот животен стандард со работа и задоволување на потребите на работодавачите со соодветно квалификувана работна сила.

### ЦЕЛНА ГРУПА

Млади лица до 23 години кои ќе засноваат работен однос или се вработени во дејностите од областа на производството

### ОПФАТ НА МЕРКАТА

**3.727** млади лица до 23 години

### НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА

АВРСМ

### ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**3.000** денари месечно по вработено лице.

### КОРИСНИЦИ

Младински додаток може да користи младо лице до 23 години кое ги исполнува следните услови :

- е опфатено со задолжително социјално осигурување по основ на вработување кај работодавач или самовработување со претежно производствена дејност;
- е вработено во приватна агенција за вработување и е отстапено на работа кај работодавач со претежно производствена дејност или
- е опфатено во задолжително социјално осигурување како индивидуален земјоделец.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

За корисниците**:**

Поднесено барање во надлежниот Центар за вработување, според место на живеење на младото лице, доколку младото лице ги исполнува условите утврдени со Законот за младински додаток.





#ШансаЗаСите






#ШансаЗаСите

# II УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) со своите центри за вработување (ЦВ) развива и спроведува услуги за зголемување на конкурентноста на работната сила и задоволување на потребите на пазарот на трудот, преку примена на индивидуален пристап во работењето ориентиран кон потребите на невработените лица и работодавачите.

АВРСМ, исто така, реализира активности за промоција и запознавање на работодавачите за мерките и услугите што им се достапни. Во соработка со работодавачите, центрите за вработување вршат посредување при вработување на работна сила во согласност со барањата на работодавачот, нивно вклучување во одредени активни програми и мерки за вработување, континуирано известување и информирање за сите тековни активности и активни програми и мерки за вработување итн.

Информирањето и повикувањето на невработените лица за учество во услугите за вработување се врши преку писмени и усни известувања, телефонски контакти, СМС пораки, информации на веб порталот на АВРСМ и др. Учесниците ќе бидат вклучени во услугите во Центарот за вработување, врз основа на искажаните потреби и интереси, советувањето и препораките од Индивидуалниот план за вработување (ИПВ) на лицето и др.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ги обезбедува следните услуги:

## 1. ПОМОШ ПРИ БАРАЊЕ РАБОТА

Услугата опфаќа профилирање и подготовка на Индивидуален план за вработување, советување за вработување, обезбедување информации за состојбите и барањата на пазарот на трудот, односно слободните работни места, како и информации за активните програми и мерки за вработување и услугите што ги обезбедува АВРСМ. Дополнително, центрите за вработување нудат помош на невработените лица за изработка на CV и мотивациско писмо, зајакнување на вештините за успешно претставување пред работодавачите на интервју за работа, преку информирање и советување, и вршат едукација за користење на онлајн услугите на АВРСМ преку веб порталот на АВРСМ, како и организирање на инфо-средби за млади и за други невработени лица и др.

## 2. МОТИВАЦИСКИ ОБУКИ

Мотивациските обуки ќе бидат организирани како еднодневни обуки во центрите за вработување, кои имаат за цел зголемување на информираноста на невработените лица , како и зајакнување на нивната мотивација за активно барање работа, за вклучување во активните програми и мерки за вработување и др. Мотивирањето на невработените лица активно да бараат работа ќе се реализира и преку индивидуален приод, доколку невработените лица искажат потреба од дополнителна поддршка и советување.

## 3. ОБУКИ „ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ЗА РАБОТА“

Услугата опфаќа спроведување на обуки за невработени лица со фокус на млади лица до 29 години според програмата „Подготовка за вработување и за работа". Обуките имаат за цел да им помогнат на невработените лица во развојот на вештините кои се потребни за подготовка за вработување и за работа, како што се вештините за личен развој, вештините за барање работа, комуникациските вештини, вештините за соодветно однесување на работното место, знаењата и вештините за тимска работа и лидерство, за безбедноста, правата и обврските на работа и др.

Истите ќе се реализираат преку работилници со користење на методи што им се блиски на младите лица и се ефикасни за едукација и усвојување на нови вештини на интерактивен начин.

## 4. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

Услугата опфаќа различни активности за информирање, групно и индивидуално кариерно советување и др. Невработените лица можат да бидат вклучени во повеќе активности во рамките на услугата, во согласност со нивните интереси и потреби. Професионалната ориентација и кариерното советување овозможува невработените лица да развијат вештини за барање работа и планирање и управување со сопствениот кариерен развој, помош при изборот на занимање, обука или вработување, како и дополнителна поддршка при процената на сопствените потенцијали за вработување и нивно усогласување со реалните потреби на пазарот на трудот.

## 5. АКТИВАЦИЈА НА НЕВРАБОТЕНИ РОМИ И ДРУГИ ЛИЦА ВО РИЗИК ОД СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ

Услугата ќе биде насочена кон сите невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување. Невработените лица ќе имаат пристап до тимот на ментори, кои ќе бидат ангажирани во локалните заедници. Нивната улога ќе биде да ги мотивираат и редовно да ги информираат за можностите за вработувања или за подобрување на професионалните капацитети. Преку индивидуален пристап за идентификување на знаењата, квалификациите и вештините со кои располагаат лицата, ќе се пристапи на упатување кон соодветните програми од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.

## 6. РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ ПРЕКУ ОБУКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ПОВРАТНИЦИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ СО ОСОБЕНО ВНИМАНИЕ НА РОМИТЕ

Целта на услугата е преку обезбедување на можности за вклучување на пазарот на трудот, да се зголеми вработливоста на повратници од земјите на ЕУ, со особено внимание на Ромите. По првичното идентификување на повратниците од странство од страна на локалните невладини организации и општините, на секој идентификуван кандидат (повратник) му се изработува Прашалник за проценка на капацитетите на повратниците за нивна реинтеграција во локалната заедница и за влез на пазарот на трудот. Врз основа на резултатите од проценката и афинитетите на невработените лица, а во согласност со барањата на пазарот на трудот, за лицата ќе бидат обезбедени обуки за меки вештини и основни дигитални вештини. Со овие обуки лицата ќе стекнуваат основни знаења и вештини неопходни за пишување CV, интервју со работодавач, пребарување/користење на интернет и сл.

По завршувањето на обуките, лицата ќе имаат можност за учество во други програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, заради зголемување на нивната вработливост и вработување.

## 7. ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Посредувањето се спроведува по добивањето на Барање за посредување при вработување од страна на работодавачот. Оваа услуга опфаќа советување и помош на работодавачите преку пребарување кандидати за слободни работни места од евиденцијата на невработени лица на АВРСМ, спроведување на предселекција, упатување на невработените лица кај работодавачите на интервју за вработување и др.

## 8. УСЛУГИ ЗА РАБОТОДАВАЧИ

Услугите за работодавачите опфаќаат: информирање, советување и обезбедување можности за користење на услугите и активните програми и мерки за вработување и други можности за вработување на невработени лица што се достапни преку АВРСМ, користење на електронските услуги на АВРСМ, информации и совети од областа на трудовото законодавство, учество во заеднички настани како што се форумите за работодавачи и др.

## 9. АНКЕТА ЗА ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Преку анкетирање на работодавачите од приватниот сектор, ќе се обезбедат информации за нивните потреби од нови вработувања во период од 6 до 12 месеци. Преку однапред подготвен прашалник, ќе се утврдат потребите од занимања на планираните нови вработувања и вештини со кои треба да располагаат невработените лица за планираните нови вработувања кај работодавачите. За реализација на анкетата ќе се ангажираат 20 невработени лица од страна на АВРСМ во период од 1 месец со надоместок од 11.000 денари.

## 10. СИМ-СОВЕТУВАЊЕ И МОТИВАЦИЈА ЗА КОРИСНИЦИ НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ

Корисниците на гарантирана минимална помош (ГМП), млади лица до 29 години, жени, лица со попреченост, долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција) ќе имаат право на услугата Советување и мотивација (СИМ) која се состои од интензивна психо-социјална поддршка на корисниците пред да се вклучат во активна мерка за вработување, како и менторска поддршка која е најинтензивна во периодот кога корисникот севклучува во обука или друга активна мерка за вработување, а со намален интензитет откако корисникот ќе се вработи и интегрира на пазарот на труд. СИМ услугата е комплементарна на програмите и услугите за вработување, и овозможува советување, поддршка и мотивација, но и следење на корисникот низ процесот на активација.

# ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ

Со **Гаранција за млади (ГМ)** на младите лица (15-29 години) во период од четири месеци по евидентирање во евиденцијата за невработени лица им се понудува вработување, континуирано образование и обука, односно вклучување во некоја од активните програми и мерки за вработување.

Во 2024 година имплементацијата на Гаранцијата за млади ќе продолжи да се реализира на целата територија на Република Северна Македонија, со посебен акцент на NEET-млади лица (лица кои се невработени, не се вклучени во образование или обука).  Планираниот опфат на учесници во Гаранција за млади на целата територија на Република Северна Македонија е околу 10.000 млади лица. Програмата ќе се смета за успешна доколку најмалку 30% од вклучените лица во ГМ, успешно излезат од истата во период од 4 месеци, односно ќе бидат вработени, повторно вклучени во образовниот процес или ќе бидат вклучени во активни програми и мерки за вработување.

За таа цел, потребна е координирана и заедничка акција на повеќе владини институции, пред сè на МТСП, АВРСМ и МОН, социјални партнери и граѓански организации. Граѓанските организации ќе бидат вклучени во делот на теренските активности, односно  наоѓање на NEET-млади, нивно запознавање со Гаранцијата за млади, можностите кои ги нуди Гаранцијата за млади и мотивирање за вклучување во Гаранцијата за млади.

На младите невработени лица кои ќе бидат вклучени во ГМ ќе им бидат дадени соодветни услуги за вработување, што ќе овозможи нивна активација и мотивирање за вклучување на пазарот на трудот преку преку т.н.„втора можност", односно повторно вклучување во образовниот процес преку кратки програми за обуки во рамки на средните стручни училишта, како и активните мерки за вработување, односно посредување со работодавачите.



# АКТИВАЦИЈА НА КОРИСНИЦИ НА ГМП

Во реформираниот систем на социјална заштита се предвидува зајакната активација на корисниците на гарантирана минимална помош (ГМП) на начин што работоспособни членови на домаќинството ќе се вклучат во активните програми и мерки за вработување заради подобрување на нивната вработливост и вработување.

Ова подразбира задолжително континуирано учество на обуки, како и прифаќање на понуда за вработување.

Во оваа насока покрај другото,  на корисниците ќе им се обезбеди поддршка за подобрување на нивните вештини со што ќе  станат поконкурентни на пазарот на трудот.

За реализација на активацијата на корисниците на ГМП потребна е соработка помеѓу лицето кое е водител на случајот и други стручни работници од центрите за социјална работа (ЦСР) како и одговорните лица од центрите за вработување задолжени за имплементација на услугите за вработување (мотивациони обуки, кариерно насочување и професионална ориентација и др.).

Ќе се продолжи со изработка на индивидуални планови за активација, преку кои ќе им се овозможи на корисниците на ГМП да бидат вклучени во програми, мерки и услуги за вработување предвидени со Оперативниот План за 2024. Новиот систем на активација ќе промовира нов пристап на пазарот на трудот, што ќе биде поврзан со поддршка и развој на индивидуалните способности и потенцијали на корисниците на програмите и мерките.

Системот на активација на корисниците на ГМП ќе понуди интензивна психо-социјална и менторска поддршка (Види услуга под реден број 10 АИМ-Советување и мотивација на корисниците на ГМП) и обуки, од 3 до 12 месеци за да се надминат бариерите што го оневозможуваат нивното учество на пазарот на трудот.

Во 2024 година, преку СИМ програмата предвидено е да бидат вклучени 140 лица во психосоцијална поддршка и 200 лица ќе добијат менторска поддршка.



# ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПАЗАР НА ТРУД НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Професионалната рехабилитација како систем на услуги ќе им овозможи на лицата со попреченост индивидуализирана поддршка, со цел нивно целосно вклучување на отворениот пазар на труд. Ќе се спроведе преку соработка на УНДП, МТСП и АВРСМ.

Професионалната рехабилитација како модел ќе се постави и спроведува во РЕХА Центарот за професионална рехабилитација и поддршка при вработувањето на лица со попречености во Скопје.

Во рамките на овој модел, услугите ќе се обезбедуваат локално, во заедницата на клиентот. Моделот овозможува спроведување на пристап ориентиран кон клиентот кој во фокусот ги има неговите индивидуални потенцијали и се спроведува во рамки на локална мрежа на даватели на услуги - Реха центарот, центри за вработување на АВРСМ, граѓански организации, тренинг центри, образовни установи, работодавачи и т.н.

Центрите за вработување во соработка и координација со Реха центарот ги реализираат следните услуги и активности: информирање, идентификување и евидентирање на лица со попречености во евиденцијата на невработени лица, вклучување во активни мерки, услуги на посредување при вработување, советување и следење на нивниот статус во процесот од активирање, работно ангажирање и вработување.

ШЕМА – ПРИКАЗ НА ИДНИОТ МОДЕЛ И АКТИВНОСТИ НА СИТЕ АКТИВНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

**ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**

- Управување со случаи во соработка со АВРСМ
- Обезбедување поддршка во пристап на комплиментарни социјални услуги (лична асистенција, услуги на дневен центар итн.)

**УСЛУГИ НА АВРСМ**

- Информирање на невработените лица со попреченост за активните мерки и услугите од Оперативниот план
- Вклучување на невработени лица со попреченост во активни програми и мерки за вработување
- Вклучување на невработените лица со попреченост во услугите за вработување (посредување при вработување и др.)
- Соработка со РЕХА центарот за активностите и услугите за професионална рехабилитација

**УСЛУГИ НА РЕХА ЦЕНТРИ**

- Првична функционална проценка на работните способности на лицата со попреченост
- Развој на индивидуален план за стручна и професионална рехабилитација
- Кариерно советување, психосоцијална поддршка и социјално менторство
- Утврдување на потреба од работна асистенција
- Поддршка за вклучување во образовните активности
- Вклучување на работната средина на слободниот пазар на труд
- Оценка на работната ефикасност на работното место
- Повторна проценка на клиентот за спроведување на индивидуалниот план за ПР
- Обезбедување на стручна обука

**УСЛУГИ НА ЛОКАЛНИ ПРОВАЈДЕРИ**

- Кариерно советување, психо/социјална поддршка и социјално менторство
- Развој на меки вештини и групна поддршка
- Обезбедување на приспособена стручна обука во соработка со работодавачите
- Обука на работно место
- Асистенција при работа

# ПРОМОЦИЈА

## СТРАТЕШКИ КОМУНИКАЦИСКИ ПРИОД ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА АКТИВНИТЕ ПРОГРАМИ И МЕРКИ

Делот за (про)активна комунициска поддршка поврзани со активните програми и мерки во рамките на ОП 2024 ќе се реализираат со лидерство и координација со работната група за промоција на планот. Работната група би била составена од претставници од неколку институции вклучени во реализацијата на овогодинешниот план на активности, како ресорното Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Програмата за развој на Обединетите нации, Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, како и други претставници според насоките на МТСП и АВРСМ.

Конкретен план за работа на групата ќе биде изготвен дополнително.

Сите вклучени страни во активните програми и мерки во 2024 година, како и таргетирање на што е можно поголем број потенцијални корисници, стратешкиот приод и во овој проектен циклус ќе биде дефиниран според 4 главни критериуми:

1. **Синхронизирано: Информациите се праќаат во комуникација и координација со сите вклучени страни**
2. **Навремено: Јасно се наведуваат сите временски рамки на старт и крај на акцијата**
3. **Релевантно: Информациите се потрепени со концизни и децидни извори, изјави од сите вклучени страни.**
4. **Проактивно: Протокот на информацијата не завршува со нејзино пласирање. Целта е истата да поттикне интерес, прашања и дискусија.**

Главните комуникациски пораки ќе бидат директно насочени кон сите целни групи и подгрупи, со концизно презентирање на бенефитите, условите и процедурите од секоја програма/мерка.

Сите пораки ќе бидат усогласени со сите вклучени страни, јасно потенцирајќи ја улогата и важности од мулти – секторскиот пристап. Посебно внимание ќе се обрне на дополнителните можности и промотивни потенцијали на секоја одделна тема. Дополнително, со цел ефективна промоција на мерките и услугите предвидени во ОП2024, со посебен фокус кон млади невработени лица, ќе биде спроведена промотивна кампања со поддршка од Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, во соработка и координација со МТСП и АВРСМ. За евалуација на ефективноста на кампањата и подобрување на комуникациските активности, ќе биде обезбедена размена на информации за учесниците во обуки и за постигнатите резултати од активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.

**Целни групи:**

**А)** Млади невработени лица до 29 години,

- Неактивирани на пазарот на трудот, но со желба за преквалификација и доквалификација
- Со иновативни бизнис идеи и претрприемачки дух
- Студенти

**Б)** Ранливи категории со фокус на

- лица со попреченост
- невработени лица од рурални средини, ранливи категории и тешко вработливи групи
- корисници на гарантирана минимална помош (ГМП)
- невработени жени
- повратници

**В)** Бизнис сектор со фокус на

- бизниси основани од млади претприемачи и претприемачки
- бизниси основани од претставници на ранливите категории
- е – бизниси
- зелени бизниси

## ГОДИШНА ПРОМОТИВНА КАМПАЊА „ШАНСА ЗА СИТЕ“

По претходна согласност и договор со ПР тимовите од сите вклучени партнери во реализацијата на ОП2024, а во зависност од динамиката и достапноста, како и пополнување на опфатот на програмите и мерките за вработување, промотивните активности во рамките на веќе воспоставената кампања „Шанса за сите" ќе се реализираат во фази за секоја програма и мерка одделно. Традиционално, кампањата се лансира со промотивниот настан за објавување на ОП2024, додека посебни промотивни акциски планови ќе се изготвуваат во соработка со сите вклучени страни по однапред дефиниран акционен план.

За секоја мерка ќе биде изготвен посебен акциски план, кој понатаму ќе биде презентиран и заклучен од РГ, со точна определена временска рамка, активности и вклучени страни. Временски, АП би започнал со лансирањето на мерката/програмата, па се до сумирањето и презентирањето на резултатите од истата.

Посебно внимание ќе се посвети на одбележување на неколку глобални денови посветени на неколку фокус теми:

- Меѓународен ден за борбата против сиромаштија
- Меѓународен ден на СТЕМ индустрии
- Меѓународен ден на жената
- Меѓународен ден на млади
- Меѓународен ден на негователи

Понатаму, посебно внимание ќе биде обрнато на новитетите во програмите , но и на целната група млади невработени лица.Пласманот на сите информации поврзани со главните и споредните комуницикациски пораки ќе се реализира со голем фокус на социјалните канали со посебни дизајнирани дигитални продукти и поракикои лесно и на разбирлив начин ќе ги пренесуваат пораките, а воедно ќе бидат и дополнителна презентација на владините политики за вработување и воведување нови иновативни механизми за поттикнување на вработливоста посебно кај младите лица.

Мониторинтот на импактот од промотивните активности ќе се реализа со мерење на неколку стандардни индикатори, пред се од квалитативен и квантитативен аспект. За таа цел, ќе биде обезбедена навремена размена на информации и податоци за учесниците во програмите и резултатите од истите.

## ДОПОЛНИТЕЛНА КОМУНИКАЦИСКА ПОДДРШКА

И во ОП 2024 година ќе се продолжи со континуирано анимирање и поттикнување на:

- **Стратешки партнерства со релевантни чинители**, пред сѐ со донатори, медиуми, регионални стопански комори и бизнис-асоцијации, граѓански организации здруженија, но и со други релевантни партнери. Фокусирајќи се на отворени и актуелни теми, директните средби со заинтересираните страни ќе поттикнат интерес, внимание, но и плодна и конструктивна дискусија, посебно таргетирајќи активни различни чинители што би очекувале токму ваков приод.

- **Активирање на бизнис партнерствата со**, информирањето и вклучување на компаниите во процесот ќе се реализира преку средби на национално ниво на комори и здруженија, регионално, на ниво на регионални комори и таргетирано на ниво на компании со значителен потенцијал за вработување. Со поддршка од партнерски проекти планирани се активности за зголемување на соработката на АВРСМ, коморите и здруженијата со цел вклучување на приватниот сектор и подобрување на механизмите на пазарот на трудот.
- **Медиа интерес за секоја тема**, која во себе треба да го има „човечкиот момент", неоптоварена од административен речник и процедурални детали. Сметаме дека темите се идеални за пошироко медиа покривање од неколку аспекти: економски (бизнис), социјален, културолошки... Релациите со медиумите треба констатно да се негуваат, но и крајните корисници да се мотивираат доброволно да ги споделуваат своите лични и бизнис приказни.

#ШансаЗаСите: Генерални комуникациски параметри

**Временска рамка:** тековно, во текот на целата година, паралелно за сите клучни теми

**Канали:** социјални медиуми, онлајн медиуми и соодветни дигитални инфо-платформи, специјализирани медиуми/платформи, фокусирани и тематски настани и иницијативи

**Пристап:** конкретизирана содржина, едноставни и лесно читливи визуелни и аудио решенија, практични/прагматични/пристапни совети и насочувања, технички необременети со административна терминологија

**Вклучени страни:** министерства и други надлежни институции, релевантни меѓународни организации, вклучени корисници преку успешни приказни, еминентни профили со споделување мотивирачки пораки

**Финансиска поддршка:** Активност на УСАИД за млади кои активно создаваат можности



# ФИНАНСИСКА РАМКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ И ОПФАТ НА ЛИЦА СО ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

| I. ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | ОПФАТ ЛИЦА | ИЗВОР НА СРЕДСТВА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1. ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (претприемништво) | 1.995 | | 815.179.873 |
| 1. Поддршка за самовработување (претприемништво) | 1.475 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 481.960.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП2023 во 2024 година | 11.313.555 |
| | | Буџет на МТСП кон АВРСМ | 50.000.000 |
| | | Буџет на АППРСМ | 24.000.000 |
| | | Буџет на УНДП - нереализирани средства од претходните години | 3.684.409 |
| | 25 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП | 17.026.509 |
| | 20 | Европска комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020) /Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан (УНДП)* | 13.425.486 |
| 1(А) ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (ПРЕТПРИЕМНИШТВО)-ЗДРУЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ ВО ДОО | 520 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 192.660.000 |
| | | Буџет на АВРСМ кон АППРСМ | 4.798.800 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП2023 во 2024 година | 14.985.133 |
| | | Буџет УНДП (нереализирани средства од претходните години) | 1.325.981 |
| 2. ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА | 1.273 | | 635.264.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1 Субвенционирање на вработување | 650 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 85.800.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП 2022 во 2023 година | 60.500.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант | 26.904.000 |
| 2.2 Вработување и раст на правни субјекти | 473 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 104.060.000 |
| 2.3 Поддршка за вработување на лица со попреченост | 150 | Буџет на АВРСМ - Потсметка на посебниот фонд за инвалидни лица | 358.000.000 |
| 3. ОБУКИ | 1.184 | | 95.997.745 |
| 3.1 Обука на работно место кај конкретен работодавач | 170 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 9.360.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП 2022 во 2023 година | 232.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 420.000 |
| | 14 | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант | 854.000 |
| | 20 | Европска комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020) /Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан (УНДП)* | 907.498 |
| 3.1 (А) Обука на работно место со субвенционирано вработување | 0 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП 2022 во 2023 година | 1.764.000 |
| 3.2 Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите | 80 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 3.520.000 |
| | | Буџет на УНДП - нереализирани средства од претходните години | 2.472.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.3 Обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот | 600 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 38.460.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 19.652.000 |
| | 20 | Европска комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020) /Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан (УНДП)* | 1.007.498 |
| 3.4 Обуки за возачи за Ц,ЦЕ и Д - категорија | 150 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 5.625.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 3.750.000 |
| 3.5 Обука од областа на приватното обезбедување | 100 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 2.900.000 |
| 3.6 Обука за Специјалист за човечки ресуси (Регрутер) | 50 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 5.073.750 |
| 4. ОБУКИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ | 735 | | 87.281.250 |
| 4.Обуки за напредни ИТ вештини | 735 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 87.281.250 |
| 5. ПРАКТИКАНСТВО | 1.300 | | 60.300.000 |
| 5. Практикантство | 1.300 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 42.900.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 7.500.000 |
| | | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 9.900.000 |
| 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ | 600 | | 14.400.000 |
| 6. Јавни работи | 600 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 11.520.000 |
| | | Буџет на општините | 2.880.000 |
| 7. ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА | 650 | | 128.629.978 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.1 Општинско-корисна работа | 450 | АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП | 57.372.118 |
| | | Буџет на општините 20% | 11.137.500 |
| | 50 | Буџет на општините 100% | 6.187.500 |
| 7.2 Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во зедницата | 150 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 4.950.000 |
| | | АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП | 39.997.793 |
| | | Буџет УНДП (нереализирани средства од претходните години) | 8.985.067 |
| 8. Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции | 158 | | 44.928.142 |
| 8. Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции | 158 | АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП | 39.330.092 |
| | | Буџет УНДП (нереализирани средства од претходните години) | 5.598.050 |
| 9. Исплата на младински додаток | 3.727 | | 114.940.000 |
| 9. Исплата на младински додаток | 3.727 | АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 114.940.000 |
| 10. Втора шанса (Пилот мерка) | 0 | | 984.000 |
| 10. Втора шанса (Пилот мерка) | 0 | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 984.000 |
| ВКУПНО ЛИЦА: | 11.622 | ВКУПНО СРЕДСТВА: | 1.997.904.988 |

* Регионалниот проект - Зајакнување на националните и локалните системи за подршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан, се имплементира во партнерство со МТСП во три општини: Шуто Оризари, Прилеп и Штип.

**ОПФАТ НА ЛИЦА СО УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

| **II. УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** | **ОПФАТ ЛИЦА** | **ИЗВОР НА СРЕДСТВА** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|---|
| Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување | 1,500 | Буџет УНДП (нереализирани средства од претходните години) | 1,795,550 |
| Анкета за потреби од вештини на пазарот на трудот | 20 | АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 420,000 |
| Услуги за вработување//развој на вештини преку обуки за зголемување на вработливоста на повратници од земјите на еу со особено внимание на ромите | 102 | Европска комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020) /Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан (УНДП)* | 1,817,411 |
| ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ (Теренска работа) | 2,000 | БУЏЕТ НА УНДП | 3,127,245 |
| ВКУПНО ЛИЦА: | 3,622 | ВКУПНО СРЕДСТВА: | 7,160,206 |

*Останатите услуги за вработување се реализираат во рамките на тековните активности на АВРСМ



**ВКУПЕН БУЏЕТ И ОПФАТ НА ЛИЦА СО ПРОГРАМИ/МЕРКИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

| **ПРОГРАМИ/МЕРКИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** | **ОПФАТ ЛИЦА** | **БУЏЕТ** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|---|
| Програми и мерки за вработување | 11.622 | Вкупен буџет за мерки и програми за вработување | 1.997.904.988 |
| Услуги за вработување | 3.622 | Вкупен буџет за услуги за вработување | 7.160.206 |
| ВКУПНО ЛИЦА: | 15.244 | ВКУПЕН БУЏЕТ: | 2.005.065.195 |

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

| | **ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување | 1.076.490.000 |
| 2 | Вкупен буџет на АВРСМ– Потсметка на Посебниот фонд за инвалидни лица | 358.000.000 |
| 3 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување за исплата на Младински додаток | 115.000.000 |
| 4 | Буџет на АВРСМ кон АППРСМ | 4.798.800 |
| 5 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување - Исплата на заостанати обврски од ОП2023 во 2024 година | 100.044.688 |
| 6 | Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување, кон УНДП | 153.726.512 |
| 7 | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант - Исплата на заостанати обврски од ОП 2023 во 2024 година | 57.860.000 |
| 8 | Буџет на АВРСМ - ИПА II четврти директен грант | 854.000 |
| 9 | Буџет на МТСП кон АВРСМ | 50.000.000 |
| 10 | Буџет на АППРСМ | 24.000.000 |
| 11 | Буџет на општините | 20.205.000 |
| 12 | Буџет на УНДП - нереализирани средства од претходните години | 23.861.057 |
| 13 | Буџет на УНДП | 3.127.245 |
| 14 | Европска комисија, DG NEAR, Multi-country IPA II (2014-2020) /Регионален проект за социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан (УНДП)* | 17.157.893 |
| | **ВКУПНО:** | **2.005.065.195** |


NDP

#ШансаЗаСите

## #ШансаЗаСите

За детални информации околу начинот на пријавување и реализација на мерките и програмите, повеќе информации:

Во сите 30 центри за вработување

www.mtsp.gov.mk

www.av.gov.mk